Годишен извештај

за работењето на Триглав Осигурување АД, за 2025 година.

triglav

Сè ќе биде во ред.

triglav.mk

СОДРЖИНА

1. Значајни податоци за работењето за годината завршена на 31 декември 2025
2. Организациона структура
3. Управување и водење на Друштвото
4. Акционерски капитал и акционери на Друштвото
5. Деловно окружување
6. Работење во периодот на известување
7. Финансиски резултат и финансиска положба
8. Контрола на ризикот
9. Подршка на информатичка технологија
10. Маркетинг и односи со јавноста
11. Вработување и структура на вработени
12. Правни и економски односи со поврзани и заинтересирани страни

Нето добивка



2025 година заврши со нето добивка од 106,6 милиони МКД која воедно претставува раст од 103% во споредба со нето резултатот од 2024 година, кога беше остварена добивка од 52,4 милиони МКД.

Бруто полисирана премија



Бруто полисираната премија реализирана во 2025 година изнесува 1.705 милиони МКД, што претставува раст од 5,4% во однос на 2024 година кога беше остварена премија од 1.618 милиони МКД

Почитувани акционери, партнери и колеги,

Во 2025 година, осигурителниот сектор работеше во услови на економска неизвесност, инфлаторни притисоци и засилено влијание на климатските ризици, што создаде потреба од континуирана адаптација во однос на продуктното портфолио, како и во однос на ценовната политика. Во такви услови, Триглав Осигурување остана доследен на својата определба за стабилно, одговорно и дисциплинирано работење, со фокус на долгорочна одржливост, квалитетна услуга и навремено усогласување со пазарните услови и потребите на клиентите.

Триглав Осигурување ја заврши 2025 година со позитивни резултати и задржа високо ниво на финансиска стабилност. Добивката пред оданочување порасна за 98,1% во однос на 2024 година, додека ја завршивме годината со бруто полисирана премија во износ од 1,7 милијарди МКД, односно со пораст од 5,4%. Комбинираниот количник изнесува 96,2%, што претставува подобрување од 4,5 процентни поени во однос на 2024 година (100,7%), додека капиталната адекватност достигна 450,2%, во споредба со 379,7% во претходната година. Овие показатели ја потврдуваат ефикасноста во работењето, финансиската сигурност и способноста за континуирано исполнување на обврските кон клиентите и партнерите.

На македонскиот осигурителен пазар охрабрувачки тренд е поинтензивната експанзија на доброволните осигурувања, пред сè во корпоративниот сегмент, каде што се бележат позначајни позитивни поместувања. Доброволното здравствено осигурување во последниве неколку години доживува континуиран и двоцифрен раст. Покрај здравственото осигурување, во корпоративниот сегмент бележиме раст и во побарувачката за други доброволни производи – осигурување на побарувања, осигурување од професионална и општа одговорност, осигурување од сајбер ризици, кредити, како и осигурување на фотоволтаични електрани, што е показател за зголемената зрелост и разбирање на ризикот од страна на бизнис заедницата. Значајно беше и лансирањето на новите пакети за здравствено патничко осигурување – Travel Smart и Travel Smart Plus, како и специјализираниот Travel Smart ски пакет, при што се овозможи поголема флексибилност и можност клиентите самостојно да го креираат нивото на заштита според своите потреби при патување.

Во Триглав Осигурување посветуваме посебно внимание на воведување иновативни решенија, кои што го следат светскиот технолошки развој и се одраз на емпатијата кон предизвиците со кои што се соочува општеството. Наша стратешката цел е да обезбедиме извонредно клиентско искуство, при што достапноста и едноставноста на услугите се приоритет. Во текот на годината, Друштвото работеше на развој на дигиталните решенија мобилна апликација i.triglav и веб-апликација за онлајн пријава на штети, чиј комерцијален старт ќе биде во 2026 година. Од друга страна континуирано развиваме дигитални алатки, кои што ги оптимизираат внатрешните процеси, обезбедувајќи поголема оперативна ефикасност. Со овие активности, Друштвото ја потврди својата насоченост кон постојано унапредување на процесите и примена на современи дигитални решенија, со цел поголема ефикасност, подобра организација и унапредено корисничко искуство.

Креираме и проекти, кои што сметаме дека мотивираат и иницираат позитивни промени. Во соработка со Challenger, минатата година ја воведовме Триглав Зелена Лига, проект на лојалност за нашите корпоративни клиенти на доброволно здравствено осигурување и за нашите вработени. Триглав Зелена Лига беше заеднички годишен предизвик за заштеда на емисии на CO_2, што го вклучува одржливиот развој во својот концепт и ја наградува грижата за нашето здравје и за животната средина. Планираме и натаму да развиваме вакви проекти, коишто поддржуваат важни концепти на денешницата.

. На крајот на 2025 година, Триглав Осигурување ја промени локацијата на седиштето, со што обезбеди уште посовремени услови за работа, пофункционална организација на просторот и подобра достапност за клиентите и деловните партнери. Овој чекор придонесува за поефикасно работење и дополнително унапредување на корисничкото искуство.

Во 2026 година се очекува економските трендови, технолошките иновации и одржливите деловни практики да имаат сè поизразено влијание врз осигурителниот сектор. Друштвото ќе продолжи да ја гради својата стабилност и позиција преку внимателно управување, дигитални инвестиции, развој на експертизата и понатамошен развој на услугите, обезбедувајќи сигурност, доследност и трајна вредност. Како дел од својата мисија за создавање побезбедна иднина, Триглав Осигурување и понатаму останува доверлив партнер, посветен на градење сигурна и одржлива иднина за сите засегнати страни.

Главен извршен директор

Г-дин Ѓорѓе Војновиќ

И з ј а в а
за примена на Насоките за корпоративно управување на друштвата за осигурување во Р.С Македонија на Агенцијата за супервизија на осигурување

Водејќи се од принципите и добрите практики за корпоративно управување, Триглав Осигурување АД, Скопје (во натамошниот текст: Друштвото) има воспоставено јасна организациска структура и транспарентен и разбирлив систем на корпоративно управување, кој го зголемува нивото на доверба како на домашните, така и на странските инвеститори, вработените и поширокаата јавност.
Како друштво за осигурување, регистрирано за вршење на дејноста неживотно осигурување, Друштвото во своето работење ги применува Насоките за корпоративно управување на друштвата за осигурување во Р.С. Македонија, објавени и достапни на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување.
Во продолжение, се наведени најзначајните аспекти во работењето на Друштвото со кои што се потврдува примената на принципите и најдобрите практики за корпоративно управување, со посебен осврт на изминатата 2025 година.

- Во Друштвото сите акционери кои поседуваат акции од ист род и класа имаат еднаков третман, а информации за правата што произлегуваат од родовите и класите на акции се содржани во Статутот на Друштвото и објавени на интернет страницата на Друштвото.

- Статутот на Друштвото и неговите дополнувања и изменувања се објавуваат на интернет страницата на Друштвото.

- Известувањата за одржување на Собрание на акционери и дневниот ред на Собранието се објавуваат на интернет страницата на Друштвото, најмалку во еден од трите најтиражни дневни весници и на интернет страната на Македонска берза.

- Сите акционери навремено ги добиваат сите релевантни информации за одржувањето на Собранието, а материјалите и документите во однос на точките од дневниот ред на Собранието се објавуваат на интернет страницата на Друштвото и на интернет страната на Македонска берза. Во текот на 2025 година беа одржани 3 седници на Собранието на акционери при што во целост беше испочитувана пропишаната постапка за свикување на собранието, достапност на материјалите и информациите, постапката на пријавување на присуство, водење на седницата на Собранието и објавување на усвоените материјали.

- Мнозински акционер во Друштвото е Триглав ИНТ холдиншка дружба д.о.о., кој во 2025 година го задржа учеството од 82,01 проценти

- Кодексот на Групацијата Триглав е прифатен во Друштвото и истиот ги опфаќа основните етички стандарди на однесување во Групацијата Триглав кои се усогласени со визијата, мисијата, вредностите, културата и целите на Друштвото. Кодексот ги обврзува сите вработени и другите лица кои работат во име и во корист на Друштвото и е објавен на интернет страницата на Друштвото.

- Друштвото во целост ги почитува принципите за навремено и точно објавување на сите суштински прашања што се однесуваат на Друштвото и неговото финансиско работење. Во текот на 2025 година сите ценовно чувствителни информации беа објавувани на интернет страницата на Друштвото и на интернет страницата на Македонската Берза.

- Управувањето со Друштвото е организирано според едностепениот систем на управување, преку Одбор на директори. Бројот на членови на Одборот на директори во текот на 2025 година од 8 (осум) се намали на 7 (седум) членови. Во Одборот на директори застапени се 2 (двајца) извршни директори и 5 (пет) неизвршни директори, од кои 2 (двајца) се независни неизвршни членови. Во текот на 2025 година Одборот на директори одржа 12 седници, преку кои што оствари ефикасен систем на контрола врз работењето и раководењето со Друштвото. Работењето, должностите и одговорностите на Одборот на директори е регулирано со Деловник за работа на Одборот на директори.

- Принципот според којшто претседателот на Одборот на директори се грижи за правилно функционирање на Одборот на директори и во 2025 година во целост е испочитуван.

- Функцијата на внатрешен правен советник ја врши Раководителот на Службата за правни и корпоративни работи, кој дава целосна поддршка на работењето на органите на Друштвото.

- Од 2019 година во Друштвото формиран е и Одбор за ревизија, на местото на дотогашната Ревизорска комисија, како помошно тело на Одборот на директори. Одборот за ревизија брои 4 члена и обезбедува надзор и контрола на интегритетот на финансиското известување, внатрешните контроли, ефикасност на внатрешната ревизија и дава препораки на Одборот на директори.

- Со цел следење и управување со ризиците на ниво на Друштвото од 2019 година во Друштвото формиран е и Одбор за управување со ризици. Одборот за управување со ризици брои 8 члена и има советодавна улога, а е одговорен да ја проверува ефективноста на функциите за управување со ризик и да се грижи Друштвото да воспостави соодветна инфраструктура, како и адекватни извори и системи кои што обезбедуваат задоволително ниво на управување со деловните ризици.

- Од 2015 година во Друштвото е воспоставен системот на интерни контроли во форма на 3 одбранбени линии. Притоа, носителите на поединечните деловни функции од подрачјата на работа во Друштвото (директорите на секторите и раководителите на службите) се дел од првата одбранбена линија. Носителите на клучните функции и тоа: функцијата управување со ризици, функцијата усогласеност на работењето и актуарската функција се дел од втора одбранбена линија, додека функцијата внатрешна ревизија претставува трета одбранбена линија.

- Извршните директори ги именуваат клучните функции во Друштвото. Истовремено, клучните функции имаат соодветна поставеност во организацијата што овозможува непосреден пристап до Извршните директори и Одборот на директори, како и ефикасно извршување на нивните задачи, одговорности и овластувања.

- Во Друштвото се воспоставени правила, постапки и мерки за препознавање и спречување на судир на интереси, преку усвојување на Правилник за управување со судир на интереси и работи со поврзани лица и негово имплементирање во пракса. Правилникот важи за членовите на Одборот на директори и неговите комисии, раководните лица и работниците во Друштвото. Согласно Правилникот, во Друштвото е воспоставена постапка за исклучување од процесот на одлучување или постапување во име на Друштвото во случаите што согласно природата и околностите би можеле да вклучуваат ризик од судир на интереси, со којашто се запознаени сите вработени. Членовите на Одборот на директори, лицата со посебни овластувања, директорите на секторите, раководителите на службите и раководителите на експозитурите, во рок од месец дена од именување, односно засновање на работен однос преку пропишан Образец, доставуваат информација за поврзаните лица, а еднаш годишно ги ажурираат податоците.

- Во Друштвото се обрнува посебно внимание членовите на органите за управување и надзор во Триглав Осигурување АД, Скопје, како и сите лица, распоредени на клучни и деловни функции, постојано да ги исполнуваат условите за: нивната стручност, знаења и искуства и да се соодветни за добро и квалитетно управување (оспособеност), како и да се личности кои имаат добар углед и интегритет (соодветни). Во таа насока донесени се: Политика за избор и оценка на соодветноста на неизвршните членови на Одбор на директори во Триглав Осигурување АД, Скопје, Политика за избор и оценка на соодветноста на извршните членови на Одбор на директори во Триглав Осигурување АД, Скопје и Политика за оценување на оспособеноста и соодветноста на носителите на клучните и деловните функции во Триглав Осигурување АД, Скопје.

- Друштвото има назначено одговорни лица за контакт со инвеститорите и нивните податоци се објавени на интернет страницата на Македонска берза.

- Во 2025 година Друштвото има склучено зделки со заинтересира страна што се одобрени согласно Законот за трговските друштва и објавени на интернет страницата на Друштвото, во дневен весник и на интернет страницата на Македонска берза.

Во рамките на работењето и управувањето со Друштвото во 2025 година не се забележуваат значајни отстапувања од правилата, принципите и добрите практики пропишани со Насоките за корпоративно управување на друштвата за осигурување во Р.С. Македонија. Останува можноста за подетално уредување на одредени аспекти преку донесување на нови и/или менување на актуелните интерни акти на Друштвото.

.

Триглав Осигурување АД, Скопје

Главен извршен директор

Ѓорѓе Војновиќ, МБА

1.

Значајни податоци за работењето за годината завршена на 31 декември 2025 година

1.1 Основни податоци

	31 декември 2025	31 декември 2024	Индекс
МКД`000	(1)	(2)	(1)/(2)
Бруто полисирана премија	1.705.753	1.618.108	105,4
Нето заработена премија	1.153.156	1.083.843	106,4
Бруто ликвидирани штети	689.532	737.255	93,5
Нето издатоци за штети	530.549	594.486	89,2
Нето трошоци за спроведување на осигурување	589.182	517.129	113,9
Резултат од работењето пред оданочување	127.665	64.448	198,1
Нето резултат од работењето	106.626	52.435	203,3

	31 декември 2025	31 декември 2024	Индекс
	(1)	(2)	(1)/(2)
Вкупна актива	3.538.711	3.155.937	112,1
Финансиски средства и вложувања во недвижнини	1.726.637	1.807.267	95,5
Бруто технички резерви	2.012.476	1.914.986	105,1
Вкупно капитал	1.063.083	943.979	112,6
Број на вработени	205	205	100,0

	31 декември 2025	31 декември 2024	Индекс
	(1)	(2)	(1)/(2)
Расходен количник	42,9%	38,3%	112,0
Штетен количник	53,3%	62,4%	85,4
Комбиниран количник	96,2%	100,7%	95,5
РОЕ (Принос на капиталот)	10,6%	5,8%	184,3

Значајни случувања во извештајниот период:

- Заклучно со крајот на 2025 година, Триглав Осигурување АД, Скопје оствари позитивен нето – резултат од 106,6 милиони МКД, што претставува раст од 103% во однос на минатата година. Подобриот резултат е резултат на растот на нето полисираната премија од една страна, како и намалување на нивото на штетите од друга.
- Средствата кои ги покриваат техничките резерви изнесуваат 1.742 милиони МКД, односно ги надминуваат нето- техничките резерви за 432 милиони МКД.
- Капиталната адекватност на Друштвото изнесува 450%.

Во однос на планот за годината завршена на 31 декември 2025 година, бруто полисираната премија е над очекуваното ниво (индекс од 105). Остварениот нето деловен резултат е значително над очекувањата во планот (индекс 182), генерално поради пониските бруто ликвидирани штети (индекс 90).

Според планот за 2026 година очекуваме пораст во бруто полисирана премија како и нето деловен резултат од околу 75 милиони МКД.

Мисија

Градиме побезбедна иднина

- ✓ Ориентирани сме кон клиентите
- ✓ Обезбедуваме развојно ориентирана средина за нашите вработени
- ✓ Го подржуваме развојот на нашите партнери
- ✓ Ние сме стабилна, сигурна и профитабилна инвестиција за нашите инвеститори

Визија

Поставивме стандард за исклучително корисничко искуство - секогаш и секаде

Вредности

Агилноста, едноставноста и доверливоста се рефлектираат во нашите секојдневни операции

Стратегија

Групацијата Триглав ја ревидираше својата Стратегија до 2030 година. Групацијата продолжува да ги следи постојните клучни стратешки насоки, надградувајќи ги во однос на активностите за раст и развој и пристап насочен кон клиентите. Фокусирајќи се на овие цели, Групацијата продолжува да го спроведува својот процес на дигитална трансформација и да развива услужно ориентирани деловни модели кои одговараат на потребите на клиентите. Планираните операции на Групацијата остануваат профитабилни и сигурни. Преку своето одржливо работење, Групацијата продолжува да обезбедува развојно ориентирана средина за своите вработени, да ги одржува врските со своите партнери и да биде стабилна, сигурна и профитабилна инвестиција за инвеститорите.

Нашите клучни стратешки амбиции до 2030 година се:

- ➢ Раст на бруто полисирана премија (БПП) преку аквизиција на нови клиенти, зголемување на индексот на осигурување на постојното портфолио и постигнување на високо задржување на корпоративните клиенти (CAGR од 11% до 2030 година);
- ➢ Пазарен лидер на пазарот за неживотно осигурување (пазарен удел од 18,2% во 2030 година), но и пазарен лидер во сегментот на здравствено осигурување, анализиран одделно (пазарен удел од 30,4% во 2030 година);
- ➢ Воведување дополнителни и прилагодување на тековните покритија во согласност со пазарните трендови и потребите на клиентите кои се развиваат, со фокус на профитабилноста од основното работење на Друштвото;
- ➢ Раст на хибридниот модел на продажба, зголемување на бројот и опсегот на производи кои се продаваат преку алтернативни канали, одржување на висок удел на БПП генериран преку сопствената продажна мрежа, постигнување раст на БПП преку дигитални канали (100% раст до 2030 година), односно постигнување оптимален микс на канали кој придонесува за севкупната профитабилност на Компанијата;
- ➢ Обезбедување одржлива профитабилност од основното работење;
- ➢ Дигитализација како основа за поттикнување иновации и оперативна извонредност во сите области на синџирот на вредност на осигурувањето;
- ➢ Зајакнување на позицијата на премиум бренд, нудејќи висок квалитет – партнер кој обезбедува значајна поддршка во моменти на потреба;
- ➢ Фокус на ESG аспектите (еколошки, социјални и управувачки) во корпоративното управување, како давател на производи и услуги, како и активен учесник во општеството;
- ➢ Главни стратешки инвестиции: сопствени деловни капацитети и инвестиција во медицинска установа;
- ➢ Обезбедување одлично и униформно корисничко искуство во сите точки на контакт;
- ➢ Трансформација на центарот за грижа на корисници во "one-stop" сервисно искуство кое ќе им обезбеди на клиентите комплетна услуга;
- ➢ Истражување и искористување на групните синергии преку учество во меѓународни тимови, групни проекти и развој на пакети за осигурување со Триглав Живот Скопје и Триглав Пензиско на македонскиот осигурителен пазар;

- Создавање култура базирана на податоци за подобрено носење одлуки и оптимизирани деловни процеси;
- Живеење на културата на Групацијата Триглав и зајакнување на брендот на работодавач за да се олесни аквизицијата на таленти, да се зголеми ангажираноста и задржувањето на компетентни вработени.

Планирани активности

За спроведување на зацртаните цели Друштвото во наредниот период планира да преземе низа активности, а кои вклучуваат:

- Воведување на нови дигитални услуги и алатки: Мобилни услуги (i.triglav), веб услуги (онлајн продажба, кориснички портал) и дигитална комуникација
- Зголемена ретенција на клиентите со нудење повеќегодишни договори како и вкрстена продажба и up sale;
- Обезбедување на раст на БПП генериран преку алтернативни продажни канали (банкоосигурување, мобилни оператори, малопродажен сектор);
- Фокус на јакнење и развој на интерната продажна мрежа;
- Воведување на онлајн производи/web shop за тешки болести и осигурување на дом;
- Зголемување на обемот на осигурување на клиентите преку креирање на пакет осигурувања врз основа на модуларен принцип во резидентниот и корпоративниот сегмент;
- Користење на дигитални алатки во процесот на решавање на штетите (увид на далечина и портал за електронско потпишување);
- Следење на корисничкото искуство преку NPS и преземање мерки.

2.
Организациона структура

За ефикасно и квалитетно извршување на стручни, административни и други работи и работни задачи во Друштвото се организирани соодветни организациони облици и тоа:

- Сектори:
  - Одделенија,
  - Експозитури.
- Штабни служби.

Секторот за продажба ги извршува следните активности:

- Подготовка на анализа на пазарот на осигурување и конкуренцијата,
- Подготовка, развој и координација за водење на концептот на продажба,
- Формирање на предлози за провизиски стапки на продажба,
- Планирање на продажбата,
- Реализација на премискиот план,
- Организирање на продажба на осигурување на корпорациски и клучни купувачи,
- Спроведување и грижа за наплата на премија на осигурување,
- Анализа на ефикасност на продажни мрежи и трошоци на продажба по продажни канали,
- Воспоставување на систем за следење на задоволството на странките,
- Договарање и склучување на стратешки сојузништва со екстерни договорни партнери на подрачјето на продажба,
- Соработка во развојот на нови и надоградба на постојните производи на осигурување,

Извршување на други активности

Секторот за штети и регреси ги извршува следните активности:

- Одредување на овластувања на подрачјето на проценка и ликвидација на штети по организациски единици и работни места,
- Евидентирање, обработка и ликвидација на барањата за штети,
- Утврдување на оправданоста за регрес, постапки за наплата, административно технички работи во врска со регресите,
- Водење на постапка во врска со барања за отштета,
- Одредување на постапка за резервација на штети заедно со Службата за актуаријат,
- Соработка во подготовка на понуди и проценка на ризик,
- Соработка со Одделението за реосигурување (собирање и подготовка на податоци за штети) и Службата за актуаријат,
- Извршување на жалбени постапки,
- Соработка со надворешни институции и застапување пред судовите и други органи поради решавање на барања,
- Одредување на постапка за резервација на штети заедно со Службата за актуаријат,
- Утврдување и подготовка на анализи за задоволство на странките,
- Извршување на други активности.

Секторот за економско-финансиски работи ги извршува следните активности:

- Обезбедување на извори и насочување на финансиските средства,
- Извршување на финансиска оператива (плаќање на обврски, обезбедување на услови за вршење на платен промет),
- Следење на ликвидноста на Друштвото,
- Грижа за покриеноста на техничките резерви на сите видови на осигурување и структура на гарантни резерви,

- Водење на главна книга и помошни книги,
- Извршување на даночни обврски,
- Подготовка на финансиски извештаи согласно локална и меѓународна регулатива,
- Врши работи од областа на управување со ризици.
- Учество во изработката на планот и стратегијата на Друштвото, подготовка на планот на Одделението и соработка во подготовката на плановите на останатите Сектори,
- Извршување на други активности.

Секторот за развој оценка и преземање на ризици ги извршува следните активности:

- Подготовка на основи за осигурување,
- Одредување и измена на условите на осигурување,
- Развој на нови производи,
- Оценка и преземање на ризик,
- Склучување на реосигурителни договори,
- Стратешки анализи,
- Одржување и унапредување на технологија на осигурување во информатичкиот систем,
- Водење преговори и склучување договори за сите поделикатни осигурувања,
- Извршување на други активности.

Кабинетот на Управа ги извршува следните активности:

- Координација, раководење и надзор врз работењето на Друштвото,
- Извршување на сите активности предвидени со позитивните законски прописи, Статутот на Друштвото и другите прописи,
- Одржување на поврзаност со матичното друштво во рамките на Групацијата Триглав,
- Подготовка и учество во органите на Друштвото,
- Следење и спроведување на одлуките на Одборот на директори,
- Вршење на работи кои се однесуваат на заработка, проектирање и промоција на програми и стратегии на развој, преструктуирање, реорганизација и приватизација на Друштвото,
- Координација и остварување на деловна соработка со стратешките домашни и странски партнери и меѓународни организации,
- Обезбедување на информации за вкупната работа и работењето за потребите на органите на Друштвото и матичното друштво,
- Извршување на сите активности од подрачјето на управување со ризици,
- Извршување на сите активности од подрачјето на усогласеност со работењето,
- Извршување на други активности.

Службата за внатрешна ревизија ги извршува следните активности:

- Подготовка на план на Службата и соработка во подготовка на плановите на Друштвото и грижа за ефикасно спроведување на годишната програма и деталниот оперативен план, следење и контрола на усогласеноста на работењето на Друштвото со Законот за супервизија на осигурување како и со другите законски прописи, деловната политика и внатрешните акти на Друштвото со кои е регулирано работењето на Друштвото,
- Оценување на адекватноста и ефикасноста на воспоставениот систем на внатрешна контрола, правилата, процедурите за работа, постапката и испитување на функционирање на внатрешна контрола во Друштвото,
- Следење на работењето на основните деловни функции и спроведување на внатрешна ревизија во организациските единици,
- Оценување на ефикасноста на сметководствениот систем и систем на информации за деловно одлучување,
- Проверка на изработената годишна сметка и финансиските извештаи,
- Извршување на други активности.

Службата за кадровски и општи работи ги извршува следните активности:

- Изработка на колективен договор и други поединечни акти поврзани со делокругот на работата на Службата,
- Водење и подготовка на кадровски извештаи, евиденција и анализа од подрачјето (кадри, образование и друго),
- Планирање на кадри, образование, соработка и координација во подготовка на план со другите организациски единици,
- Извршување на сите активности во врска со функцијата на квалитетот (стандардизација, сертификација),
- Планирање, водење и изведување на процеси на интерно и екстерно образование и усовршување,
- Набавка на основни средства, материјали и услуги и подготовка и водење на инвестиции и инвестициско одржување,
- Водење на архива на Друштвото согласно Законот за архивско работење,
- Планирање, организирање и обезбедување на заштита при работа, заштита од позар, физичко и техничко обезбедување,
- Вршење на општи работи за потребите на Друштвото,
- Извршување на други активности.

Службата за маркетинг и односи со јавност ги извршува следните активности:

- Развој и имплементација на маркетингот и комуникациската стратегија, која вклучува корпоративни и промотивни активности и огласувања во склад со потребите и целите на фирмата и групата,
- Следење на пазарните промени и своите потреби и соодветно прилагодување на маркетиншката стратегија,
- Корпоративни и внатрешни комуникации и изградба на односи со медиумите, влијателната јавност, акционерите и вработените,
- Следење на работата и активностите на конкуренцијата во областа на развојот на производите, маркетингот и корпоративните комуникации, и во склад со тоа прилагодување на сопствената маркетинг стратегија,
- Организирање, уредување и надзор врз корпоративна, дигитална комуникација и корпоративните настани - прес конференции, саеми настапи на донатори и другите настани,
- Поддршка и анализа на резултатите на промоција на продажни те акции,
- Извршување на други активности.

Служба за спречување, откривање и истрага на измами ги извршува следните активности:

- Воспоставување и подобрување на систем за целосно и континуирано следење и известување врз основа на KPI планови (клучни показатели на измама),
- Воспоставување и подобрување на внатрешна контрола, со цел веднаш да се идентификува и спречи настанување на измамата,
- Утврдување на процедура за намалување на загуби кои произлегуваат од измама,
- Утврдување на мерки за санкционирање и воспоставување на соодветни постапки и внатрешна контрола, во случај на откриени измами,
- Подготовка на извештаи за завршените истражувања на задачите и советодавните услуги,
- Извршување на други активности.

Служба за информатичка и комуникациска технологија ги извршува следните активности:

- Обезбедување и развој на информатичка поддршка,
- Техничка помош на корисниците во врска со употребата на информатичка поддршка,
- Одржување и заштита на интерна мрежа, сервери и база на податоци,
- Дизајн, развој и одржување на INHOUSE апликација,
- Документирање на ИТ процеси и процедури,
- Набавка на хардвер, софтвер и потрошен материјал,
- Следење и извршување на договори со надворешни фирми,
- Извршување на други активности.

Службата за актуаријат ги извршува следните активности:

- Проверка на правилност на пресметката во кварталните сметки во однос на формирање на технички резерви и други резерви на Друштвото,
- Проверка на премиите на техничките резерви дали се пресметани во согласност со одредбите на Законот за супервизија на осигурување, како и дали истите се пресметани и издвоени на начин кој ќе овозможи долгорочно исполнување на обврските кои произлегуваат од договорот за осигурување од страна на Друштвото,
- Давање мислење за општи и посебни услови на осигурување, тарифи на премии на осигурување и техничките основи на осигурување,
- Подготовка и изработка на табела на максимално самопокритие, правилник за формирање и начин на пресметка и висина на преносни премии, правилник за начинот на формирање на резерви на штети, правилник за формирање на резерви за израмнување на ризик и другите акти на деловната политика,
- Извршување на други активности.

Службата за позадинско работење ги извршува следните активности:

- Тарифација на изготвените полиси (во согласност со Одлуката за овластувања) за сите видови на осигурување,
- Одговара за суштинска и сметковна контрола на полисите,
- Вршење на сите потребни активности на подрачјето на строга евиденција,
- Вршење на внес и вршење на надзор во централната збирка на деловни партнери,
- Испраќање на известувања за доспевање,
- Дневно книжење на приливи и одливи за правни и физички лица, канали на продажба и дополнителни евиденции,
- Дневна контрола и обезбедување на соодветна аналитика на наплата на долгови и обврски кои произлегуваат од осигурителните работи,
- Соработка со подрачјето за продажба за наплата на долгови и бележење на сомнителни и спорни долгови,
- Опомена на нередовните плаќачи и грижа за листата за исклучоци кај праќањето на опомени, склучување на договори за исплата на долг,
- Соработка со другите организациски единици на друштвото со цел наплата на побарувања; давање предлози за поведување правни постапки кон коминтенти и подготовка на документација за поведување правни постапки,
- Подготовка на пресметки за исправка на вредноста на неплатените долгови и нивно евидентирање,
- Извршување на други активности.

Службата за правни и корпоративни работи ги извршува следните активности:

- Следење на промените на законската регулатива и предлагање мерки за потребно усогласување на работењето и актите на Друштвото со позитивното законодавство,
- Воспоставување на рамка за обезбедување на усогласеност со прописите за заштита на лични податоци и управување со предметното подрачје,
- Следење на адекватноста и правовременоста при известувањето на Друштвото и стручна помош при исполнување на обврски за доставување на извештаи на државни тела, органи и институции,
- Контрола и поддршка на сите правни и нормативно правни работи на ниво на целото Друштво
- Координација, водење и подготовка на документација за органите на управување на Друштвото,
- Организација на работењето и следење на извршувањето на одлуките на Собранието на акционери и Одборот на директори,
- Извршување на други активности.

Експозитурите, како дел од Секторот за продажба, ги извршуваат следните активности:

- Продажба на сите видови на осигурување согласно важечките тарифи и услови за осигурување,
- Реализација на премискиот план,
- Посредување и опфат на сите осигурувања во склад со овластувања,
- Спроведување и грижа за наплата на премија на осигурување,
- Грижа за внес на полиси,
- Соработка при прием на пријава на штети,
- Соработка во проценка на ризик, утврдување на максимални штети,
- Одржување на постојани контакти со осигурениците и проследување на информациите за условите и цените на осигурувањето,
- Извршување на други активности.

Деловната мрежа во Друштвото е организирана во рамките на Секторот за продажба. Заклучно со 31 декември 2025 во функција се 16 експозитури, кои претставуваат најистурениот канал преку кој се обезбедува достапност на осигурителната понуда до клиентите. На подрачјето на работење на една Експозитура, продажбата може да се врши на повеќе продажни места, преку организирање на застапништва кои не претставуваат самостојни организациони единици, односно истите функционираат во рамките на Експозитурата на чие подрачје се регистрирани.



3. Управување и водење на Друштвото

3.1 Управување и водење на Друштвото

Начинот на управување на Триглав Осигурување АД, Скопје е според едно-степен систем на управување. Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори, со помошно тело Одбор за ревизија.

Органите на Друштвото дејствуваат во согласност со законите и останатите прописи, Статутот и интерните акти на Друштвото.

3.2 Собрание на акционери

Акционерите на Друштвото ги остваруваат своите права преку Собранието на акционери. Правата и начинот на дејствување на Собранието се определени со Законот за трговските друштва, Законот за супервизија на осигурување и Статутот на Друштвото.

Во текот на 2025 година беа одржани 3 (три) седници на Собранието на акционери и тоа:

- 65-та седница на Собранието на акционери–одржана на 29.01.2025 година;

  На 65-та се седница на Собранието на акционери одржана на 29.01.2025 година беше продолжен мандатот на г-динот Војдан Јорданов за извршен член на Одборот на директори, со мандат од 4 години.

- 66-та седница на Собранието на акционери–одржана на 14.05.2025 година;

  На 66-та седница на Собранието на акционери одржана на 14.05.2025 година беше разгледано и одобрено работењето на членовите на Одборот на директори, како и беа усвоени Годишните извештаи на Друштвото.

- 67-та седница на Собранието на акционери–одржана на 27.11.2025 година;

  На 67-та се седница на Собранието на акционери одржана на 27.11.2025 година беше донесена одлука за измена на седиштете на Друштвото, одлука за измена на Статутот на Друштвото, како и избор на г-динот Матеј Ферлан за нов неизвршен член на Одборот на директори со мандат од 4 години. За вршење на ревизија на годишните извештаи за 2025 година, од страна на Собранието на акционери беше избрана ревизорската кука Мазарс Ревизија Доо Скопје.

  Детални информации во врска со информациите и материјалите поврзани со Собранието на акционери може да се најдат на веб страната на Друштвото - www.triglav.mk.

3.3 Одбор на директори

Управувањето во Друштвото е организирано според едно-степениот систем на управување преку Одбор на директори. Одборот на директори се состои од 7 (седум) членови, од кои 2 (два) членови се извршни, додека останатите се неизвршни членови. Од неизвршните членови, 2 (два) се независни членови на Одборот на директори. Актуелниот состав на Одборот на директори се состои од следните лица:

- Г-дин Ѓорѓе Војновиќ, МБА - извршен член - главен извршен директор; менаџер по бизнис и администрација;
- Г-дин Војдан Јорданов -МБА- извршен член - извршен директор; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Тедо Џекановиќ, МБА - Претседател на Одборот на директори; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Дарко Поповски, МБА - неизвршен член; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Матеј Ферлан, МБА - независен неизвршен член- магистер по бизнис администрација,
- Г-дин Ѓорѓи Јанчевски - независен неизвршен член, дипломиран економист и
- Г-дин Матеј Нарат - независен неизвршен член, магистер по економија.

Во временскиот период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година Одборот на директори одржа 12 (дванаесет) седници на кои што беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото. Одборот на директори разгледуваше и решаваше и за други работи од тековен карактер што се во негова надлежност.

Одборот за ревизија, моментално има 4(четири) члена и тоа:

- г-ѓа Матеја Гержина, претседател на Одборот за ревизија;
- г-ѓа Јана Полда, член;
- г-дин Бранко Флисар, член и
- г-дин Миран Крашевец, член.

Во временскиот период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година Одборот за ревизија одржа 8 (осум) седници. На седниците на овие тела беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото, а кои особено се однесуваат на сметководственото и финансиското работење на Друштвото, работата на внатрешната и надворешната ревизија, ефикасноста на работењето на внатрешните контроли и управување со ризици, инспекциските и надворешните контроли во Друштвото и слично.

Седниците на Одборот за ревизија беа редовно одржувани во закажаните термини и за истите беше обезбедуван потребниот кворум за одржување, односно најчесто беа присутни четири од пет члена.

Во продолжение се презентирани примањата на членовите на Одборот на директори исплатени од страна на Триглав Осигурување АД Скопје во деловната 2025 година.

Име и презиме	Функција	Период на извршување на функција	Плата и надоместоци	Животно осигурување	Пензиско осигурување	Регрес за годишен одмор	Паушал на неизвршни членови на Одборот на директори	Други видови на надоместоци*	Вкупно
									МКД'000
Тедо Џекановиќ	Неизвршен член - Претседател	од 01.03.2015 година	-	-		-	-	122	122
Ѓорѓе Војновиќ	Главен извршен директор	од 17.11.2015 година	9.303	164	64	47	-	-	9.578
Војдан Јорданов	Извршен директор	од 01.04.2021 година	7.835	132	64	47			8.078
Матеј Ферлан	Неизвршен член	од 01.03.2015 година	-	-		-	259	119	378
Дарко Поповски	Неизвршен член	од 01.03.2015 година	-	-		-	259	58	317
Ѓорѓи Јанчевски	Независен неизвршен член	Од 30.01.2020 година	-	-		-	738	35	773
Блаж Кметец	Независен неизвршен член	до 28.02.2025 година	-	-		-	43	7	50
Матеј Нарат	Независен неизвршен член	од 29.10.2024 година					738	100	838
Вкупно			**17.138**	**296**	**128**	**94**	**2.037**	**441**	**20.134**

* Во текот на 2025 година, Друштвото има трошоци за животно осигурување за извршните членови на Одборот на директори со осигурителна премија од 296 илјади МКД и доброволно пензиско осигурување од 128 илјади МКД.
** Други видови на надомести се однесуваат на надомест на авионски карти, хотелски услуги и останати патни трошоци поврзани со одржување на седниците на Одборот на директори.

4.

Акционерски капитал и акционери на Друштвото

Акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2025 година го сочинуваат 60.184 обични акции со вкупна номинална вредност од 3.009.200 Евра. Номиналната вредност по акција изнесува 50 Евра. Акциите се регистрирани и се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност на Р. С. Македонија како обични акции. Акциите на сопствениците им даваат право на глас на седниците на Собранието на акционери. Еден глас на седниците на Собранието на акционери се добива како еквивалент на една обична акција. Акцијата е издадена во нематеријален облик со ИСИН код МКВРОС101016.

Акционерска структура на 31 декември 2025	Вкупно	Домашни	Странски	Правни лица	Физички лица
Број на акции	60.184	10.725	49.459	49.402	10.782
Број на акционери	62	53	9	2	60
Број на акции - учество	100%	17,82%	82,18%	82,08%	17,92%
Број на акционери - учество	100%	85,48%	14,52%	3,23%	96,77%

Во продолжение се прикажани десетте најголеми акционери во Триглав Осигурување АД Скопје. Најголемиот акционер - Триглав ИНТ - во периодот од 01 јануари 2025 до 31 декември 2025 го задржа своето учество во акционерскиот капитал на Друштвото на 82,01%.





Од аспект на структура на капиталот по земја на потекло на акционерите, доминираат акционерите од Словенија (странски правни лица) и Македонија (домашни физички лица).



5.

Деловно окружување

5.1 Општо деловно окружување и влијание на околината врз работењето на Друштвото

А) Политички аспект

По распадот на Југославија во 1991 година и прогласувањето независност во 1991 година, Македонија се етаблира како република со повеќепартиска парламентарна демократија и политички систем поделен на законодавна, извршна и судска власт. Собранието, составено од 120 пратеници, е централна и најважна институција на државната власт. Согласно Уставот, Собранието е репрезентативно тело на граѓани, избрано на општи и непосредни избори со мандат од 4 години и му е доверена законодавната власт на Р. С. Македонија. Владата ја избира Собранието на Републиката со мнозинство гласови од вкупниот број делегати и одговара пред Собранието за својата работа. Моментално, Владата е предводена од страна на коалицијата ВМРО-ВЛЕН-ВРЕДИ и премиерот Христијан Мицкоски со мандат до 2028 година. Покрај Владата, извршна власт има и Претседателот, кој ја претставува Републиката и е Главен командант на вооружените сили. Претседателот е избран на општи и непосредни избори со мандат од 5 години и може да има максимум 2 мандата. Актуелна претседателка е Гордана Сиљановска Давкова, која го издржува својот прв мандат (2024-).

Р. С. Македонија на 27.03.2020 година стана 30-та полноправна членка на НАТО. Дополнително, на 26.03.2020 година, конечно доби зелено светло за отпочнување на преговори со ЕУ но без конкретен датум. За Р. С. Македонија ова се историски достигнувања со кои се гарантира стабилност на државата.

Во текот на 2021 и 2022 се појавија нови предизвици во преговорите меѓу Бугарија и Македонија околу идентитетските прашања и заштита на правата на малцинствата, што пак предизвика застој во процесот на евроинтеграции. Франција се јави во улога на посредник во решавање на спорот, нудејќи предлог кој беше прифатен од двете влади. Согласно предлогот, Македонија ќе мора да го промени Уставот и да ги вклучи Бугарите во Преамбулата, а потоа и да усвои Акциски план за заштита на нивните права, по што би отпочнале пристапните преговори со ЕУ. Предлогот беше усвоен од страна на Собранието на Македонија на 16.07.2022 година. Сепак, со оглед на тоа што за промена на Уставот е потребно двотретинско мнозинство од гласовите, а кое што претходната влада не успеа да го обезбеди, процесот делува позаглавен од било кога. Новата влада, која е против предлогот, во моментов се обидува да издејствува поповолна позиција така што евентуалните промени на Уставот би имале важност по стекнување полноправно членство во Европската Унија.

Б) Економски аспект

Согласно последните расположливи податоци, бруто домашниот производ порасна за 2,9% во првиот, 3,5% во вториот и 3,8% во третиот квартал од 2025 година. Очекувањата на Министерството за финансии се дека 2025 ќе заврши со стапка на раст од 3,5%, што е веројатно.

Финалната потрошувачка на домаќинствата, вклучително и непрофитните институции кои им служат на домаќинствата, на крајот на третиот квартал 2025 година номинално се зголеми за 0,9%, а нејзиниот придонес во растот на бруто домашниот производ изнесува 0,6%. Во истиот период, бруто инвестициите се зголемени за 30,6%, а додека јавната потрошувачка е зголемена за 5,7% и во растот на БДП учествува со 0,9%.

Стапката на невработеност во 2025 година изнесува околу 11%, додека стапката на вработеност е на ниво од 46,5%. Сегашната проекција на Министерството за финансии на Р.С. Македонија за 2026 година е спуштање на невработеноста на 10%.

	2019	2020	2021	2022	2023	2024	Проекција 2025*	Проекција 2026*
БДП (стапка на раст)	3,9%	(4,7%)	4,5%	2,8%	2,6%	3,0%	3,5%	3,7%
Инфлација	0,8%	1,2%	3,2%	14,2%	9,4%	3,5%	3,9%	2,5%
Невработеност	17,1%	16,2%	15,4%	14,4%	13,1%	12,5%	11,2%	10,1%

Извор: Министерство за финансии на Р. С. Македонија;Народна банка на Р.С. Македонија.
* Проценети податоци

Инфлација и каматни стапки

Првичната оцена на Народната банка за 2025 година е инфлација од 3,9% (2,5% за 2026 година и 2% за 2027 година). Согласно статистичките податоци, во 2024 и 2025 година е забележано делумно стабилизирање на цените на основните производи, по огромниот раст забележан во 2022 и 2023 година(14,2% и 9,4% соодветно).

По долгиот период на ниски каматни стапки на државните обврзници, во текот на 2022 година и подоцна истите значително пораснаа како резултат на монетарното затегање. Приносите на должничките инструменти на крајот од 2025 се движеа од 4% за 12 месечни државни записи, до 5,1% за 15 годишни државни обврзници без девизна клаузула.

	Државни обврзници без девизна клаузула						Државни обврзници со ЕУР валутна клаузула						
Рочност	12М	2Г	3Г	5Г	10Г	15Г	12М	2Г	3Г	5Г	10Г	15Г	30Г
2018	0,90%	1,30%	1,50%	2,00%	/	3,40%	3,00%	2,00%	/	2,70%	4,5%	/	/
2019	0,60%	/	/	1,50%	/	3,00%	0,50%	/	/	1,30%	/	2,45%	4,10%
2020	0,40%	0,90%	1,30%	/	2,00%	2,50%	/	0,60%	1,00%	/	1,50%	2,20%	4,10%
2021	0,50%	0,60%	1,30%	1,20%	/	2,50%	/	/	/	/	/	2,20%	/
2022	3,50%	/	/	/	/	5,40%	/	/	/	/	/	5,15%	/
2023	4,25%	5,00%	/	/	/	6,15%	/	/	/	/	/	5,90%	/
2024	3,80%	3,85%	/	4,20%	/	5,60%	/	/	3,55%	/	/	5,35%	/
2025	4,00%	4,20%	/	3,90%	/	5,10%	/	/	3,25%	/	/	4,85%	/

Јавен долг

Според општо прифатената методологија, Р.С. Македонија спаѓа во групата на средно задолжени земји. Во текот на изминатите години, буџетскиот дефицит постојано се намалуваше се до 2020 година кога нагло порасна на 8,1% од БДП како резултат на Ковид 19 кризата.

На крајот од 2025 година, јавниот долг изнесува 59,6% од БДП, што е пад од 1,8 п.п во однос на 2024 година. Според ревидираната Стратегија за управување со јавниот долг, на среден рок, односно до 2030 година, јавниот долг ќе се стабилизира и ќе се намали на 58,4%, додека државниот долг ќе се намали на 52,4%.



Извор: Министерство за финансии

В) Социјален аспект

Според последните податоци, во Македонија живеат 1.836.713 жители, кои се различни по својата етничка, верска и културна припадност. Македонците претставуваат мнозинство во земјава со 58,4% од вкупното население, потоа Албанците со 24,3%, Турците со 3,9% и Ромите со 2,5%. Просечниот годишен раст на населението во земјата во втората половина на 20 век постојано се намалува, од 26,3 промили во 1948 година на 1,3 промили во 2015 година. Ваквите податоци ја сместуваат Македонија меѓу земјите со низок раст на населението, како и повеќето земји во Европа.

Жителите на возраст од 65 години и постари претставуваат 17,2% од вкупниот број на жители во земјата. Податоците покажуваат дека населението во државата е под влијание на процесот на демографско стареење, односно анализата на старосната структура покажува на еден тренд на намалување на младото население. Ваквите движења се многу интересни доколку се погледнат на ниво на општини, региони или националности.

	ГОДИНА							
Националност	**1953**	**1961**	**1971**	**1981**	**1991**	**2002**	**2021**	**%**
Македонци	860.699	1.000.854	1.142.375	1.279.323	1.328.187	1.297.981	1.073.229	58,4
Албанци	162.524	183.108	279.871	377.208	441.987	509.083	446.245	24,3
Турци	203.938	131.481	108.552	86.591	77.080	77.959	70.961	3,9
Роми	20.462	20.606	24.505	43.125	52.103	53.879	46.433	2,5
Срби	35.112	42.728	46.465	44.468	42.775	35.939	23.847	1,3
Власи	8.668	8.046	7.190	6.384	7.764	9.695	8.714	0,5
Босанци	-	-	-	-	-	17.018	16.042	0,9
Останати	13.111	19.180	38.350	72.037	84.086	20.993	17.990	1,0
Непознато	-	-	-	-	-	-	133.182	7,2
Вкупно	**1.304.514**	**1.406.003**	**1.647.308**	**1.909.136**	**2.033.982**	**2.022.547**	**1.836.643**	**100**

Македонија спаѓа во земјите со најнизок животен стандард во Европа. Куповната моќ на населението изнесува околу 54% од просекот на Европската Унија. Во исто време, приходот е крајно нееднакво дистрибуиран, односно разликите помеѓу најбогатото и најсиромашното население во државата, мерено преку индексот ГИНИ, се меѓу највисоките во Европа. Сепак во последните години забележан е извесен напредок, особено во поглед на бројот на сиромашното население. Имено, гледано преку индексот Лаекен, сиромашното население во Р. Македонија се намалило од 27,3% во 2010 година на 21,8% во 2020 година, но е зголемен во 2022 на 22,9%. Анализирано по типови домаќинства, стапката на сиромаштијата на домаќинствата составени од двајца возрасни со две издржувани деца во 2022 година е 27,2%. Според најфреквентниот статус на економската активност, стапката на сиромашни вработени лица е 8,9%, додека стапката на сиромашни пензионери е 9,9%. Коефициентот на Џини (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) е 29,8%.

5.2 Осигурителен пазар

На пазарот на осигурување во Р. С. Македонија активно работат 17 друштва, од кои 11 друштва работат неживотно осигурување, а пет друштва работат животно осигурување. Само едно друштво, покрај работењето со неживотно осигурување, има дозвола за извршување и работење со реосигурување.

Заклучно со Q4, 2025 осигурителниот пазар во Р. С. Македонија го сочинуваат 44 осигурителни брокерски друштва, 11 друштва за застапување при осигурување и 8 банки кои дејствуваат како застапници за осигурување.

Осигурителната дејност е најмалку развиен сегмент на финансискиот систем во земјата. Во структурата на финансискиот систем осигурителниот сектор учествува со околу 3,5%, а степенот на густина за 2024 година изнесува околу 116 Евра (2023: 127 Евра)[1] осигурителна премија по жител. Ова е далеку од просекот на ЕУ од околу 2.327 Евра, но е слично со просекот на земјите од Западен Балкан.

Основната карактеристика на осигурителниот пазар во Р. С. Македонија е релативно ниска пазарна концентрација, што е предуслов за функционална пазарна конкуренција. Во 2025 година бројот на друштва кои го имаат поминато прагот на учество од 10% во вкупната бруто полисирана премија на земјата изнесува шест. Покрај тоа, на македонскиот пазар на осигурување ниту една компанија не го надминува прагот со повеќе од 20% од пазарниот удел. Од друга страна, висока концентрација е присутна кај животното осигурување, а причина за тоа е малиот број друштва од овој домен на работење.

Во 2025 беше остварена бруто полисирана премија (БПП) од 17,9 милијарди денари, што претставува зголемување од над 12% во споредба со истиот период лани (2024: 16,0 милијарди МКД). Споредено со минатата година, неживотното осигурување има раст од 13% (2024: 13,1 милијарди денари) и реализираната БПП е 14,7 милијарди денари што претставува 82% од вкупната бруто полисирана премија на пазарот за 2025 година.

Во класата на животно осигурување остварената премија изнесува 3,2 милијарди денари, што претставува раст од 10% во однос на истиот период минатата година (2024: 2,9 милијарди денари). Истата учествува во вкупната премија на осигурителниот пазар со 18%

Кај поединечните класи на осигурување нема значајни отстапки во однос на структурата на вкупната бруто премија, со што и понатаму најзначајната категорија е задолжителното осигурување од авто-одговорност (АО) со учество од 43% (2024: 45%), потоа следи имотно осигурување со 21% (2024: 19%).

Регистар на осигурителни друштва во Р. С. Македонија:

Друштва за неживотно осигурување:	Друштва за Животно осигурување:
Триглав	Кроација Осигурување Живот
Еуролинк	Граве Живот
Уника	Винер Лајф-Виенна Иншурансе Гроуп
Халк Осигурување	УНИКА Лајф АД Скопје
Сава	Триглав Осигурување Живот АД, Скопје
Осигурување Македонија VIG	
Еуроинс	
Кроација	
Осигурителна полиса	
Граве	
ЗОИЛ Мкд	

Друштвата за осигурување се во доминантна сопственост на странски инвеститори, претежно странски осигурителни компании. Од вкупниот капитал, над 80% е странски капитал.

[1] Последни ажурирани податоци

Во прилог е преглед на пазарното учество на осигурителните субјекти во делот на неживотно осигурување во Р. С. Македонија Заклучно со 31 декември 2025 година, пресметано врз основа на бруто полисирана премија.

	31 декември 2025	31 декември 2024
Осигурување Македонија	15,47%	17,62%
Еуролинк	14,52%	11,40%
Уника	12,68%	11,46%
Триглав	11,57%	12,37%
Кроација	10,37%	9,66%
Сава	10,13%	10,43%
Халк Осигурување	8,10%	7,32%
Осигурителна полиса	6,55%	6,86%
Граве	5,17%	5,52%
Евроинс	5,14%	6,93%
Зоил	0,30%	0,41%

Заклучно со Q4, 2025 година Триглав Осигурување АД Скопје, во делот на бруто полисираната премија, на пазарот на неживотно осигурување во Р. С. Македонија остварува учество од 11,57%, односно е на четврто место.



1. Осиг Мак VIG 2. Еуролинк 3. Уника 4. Триглав 5. Кроација неживот 6. Сава 7. Халк 8. Осиг.полиса 9. Евроинс 10. Граве Неживот 11. ЗОИЛ



6.

Работење во периодот на известување

6.1 Остварена бруто премија

+5%
Бруто полисирана премија



Во продолжение следува преглед на остварената бруто премија по класи на осигурување.

МКД '000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	План 2025 (3)	Индекс (1)/(2)	Индекс (1)/(3)	Структура 2025
01 Осигурување од последици на несреќен случај - незгода	126.537	130.796	132.674	97	95	7,5%
02 Доброволно здравствено осигурување	248.844	220.790	281.018	113	89	14,7%
03 Осигурување на моторни возила (каско)	197.917	177.525	172.219	111	115	11,7%
04 Осигурување на шински возила (каско)	-	-	-	-	-	0,0%
05 Осигурување на воздухоплови (каско)	-	907	928	-	-	0,0%
06 Осигурување на пловни објекти (каско)	185	161	42	115	445	0,0%
07 Осигурување на стока во превоз (карго)	26.714	35.197	34.201	76	78	1,6%
08 Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	145.404	133.411	146.410	109	99	8,5%
09 Други осигурувања на имот	219.911	224.920	250.645	98	88	12,9%
10 Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	493.424	482.449	476.476	102	104	29,2%
11 Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови	475	1.100	1.268	43	37	0,0%
12 Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти	344	365	383	94	90	0,0%
13 Општо осигурување од одговорност	50.838	50.798	49.291	100	103	3,0%
14 Осигурување на кредити	63.284	36.138	30.379	175	208	3,7%
15 Осигурување на гаранции	-45	65	97	-69	-46	0,0%
16 Осигурување на разни финансиски загуби	61.180	62.550	59.638	98	103	3,6%
17 Осигурување на правна заштита	-	-	-	-	-	0,0%
18 Осигурување на туристичка помош	70.741	60.938	54.151	116	131	4,2%
Вкупно	**1.705.753**	**1.618.108**	**1.689.817**	**105**	**101**	**100,0%**

Коментари по одделни класи на осигурување

Во 2025 година беа остварени следниве премиски резултати:
- Индекс на БПП 2025 / БПП 2024 = 105
- Индекс на БПП 2025 / План 2025 = 100

Триглав Осигурување АД Скопје има добиено дозвола за работење во 18 (осумнаесет) класи во делот на неживотно осигурување. Од нив, Друштвото во 2025 година работеше во 15 (петнаесет) класи.

Од 15 (петнаесет) класи на осигурување, во 8 (осум) од нив се забележа пораст на премијата во однос на реализираната премија во истиот период во 2024 година. Од друга страна, во 7 (седум) класи на осигурување оствари намалување

Класа 1 - Осигурување од последици на несреќен случај - незгода

Заклучно со 31 декември 2025 година, остварен е индекс од 97 во однос на реализацијата од истиот период претходната година. Во споредба со планираниот износ, индексот за оваа класа е 95.

Минималниот пад на премија е резултат на прекин на соработката со неколку клиенти кои имаа лош технички резултат.

Класа 2 – Доброволно здравствено осигурување

Здравственото осигурување е стратешки производ во портфолиото на Триглав Осигурување АД, Скопје. Оттаму, оваа класа е во постојан раст и истата стана значаен дел од понудата на Друштвото која во текот на 2025-та изнесува околу 15% од структурата на портфолиото.

Добрите индекси се резултат на повисока премија и кај правните лица (неколку поголеми клиенти), како и зголемувањето на интересот кај физичките лица.

Класа 3 - Осигурување на моторни возила (каско)

Во оваа класа на осигурување, друштвото има остварено индекс од 111 во однос на истиот период претходната година, како и 115 во однос на планот за овој период.

Заклучно со 31 декември 2025 година, Триглав успеа да го обнови поголемиот дел од своето портфолио. По лошиот Ковид 19 период за каско осигурување, во последните години се забележува позитивно придвижување на пазарот, меѓу другото и како резултат на растот на цените на возилата.

Класа 7 - Осигурување на стока во превоз (карго)

Во оваа незадолжителна класа на осигурување остварениот индекс е 76 во однос на планот и 78 во однос на истиот период претходната година.

Во текот на 2025-та година успеавме да го задржиме поголемиот дел од нашите клиенти. Намалените индекси се резултат на обнова на фронтинг полиси на неколку клиенти од индустриските зони на пониски износи.

Класа 8 - Осигурување на имот од пожар и природни непогоди

Остварениот индекс во споредба со претходната година изнесува 109, додека во однос на планот е 99. Повисоката реализација од околу 7 мил.мкд се однесува на неколку фронтинг полиси со компании од индустриските зони кои се склучени или обновени на повисок износ. Дополнително, имаме склучено и договор за соосигурување на еден поголем клиент од државниот сектор.

Класа 9 – Други осигурувања на имот

Остварениот индекс во споредба со претходната година и со планот изнесува 98 и 88 соодветно. Пониските индекси се резултат на пониско реализираната премија кај осигурувањето на посеви и плодови (реализација од 43 милиони мкд наспроти план од 78 милиони мкд), поради промена на франшизата и појава на пролетен мраз.

Класа 10- Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила

Во оваа класа беше остварен индекс од 102 во споредба со истиот период претходната година. Остварениот индекс во однос на планот изнесува 104. По ставањето во мирување на соработката во 2024 година со неколку брокерски куќи поради должна премија, како и прекинот на соработка со неколку клиенти поради високиот технички резултат, во 2025 година состојбата е стабилизирана.

Класа 13 - Општо осигурување од одговорност

Оваа класа е со индекс од 100 споредено со реализацијата од претходната година и 103 со планот. Имаме нови полиси со неколку поголеми клиенти од слободните индустриски зони.

Класа 14 - Осигурување на гаранции

Оваа класа е со индекс од 175 споредено со реализацијата од претходната година и индекс од 208 споредено со планот.

Отстапувањето е резултат на засилување на соработката една кредитна институција.

Класа 16 - Осигурување на разни финансиски загуби

Во оваа класа клиентите се претежно компании со странски капитал и обично се работи за фронтинг договори кои не влијаат на нето-премијата. Кај компаниите со домашен капитал интересот за ваков вид на осигурување е прилично слаб. Индексите се согласно очекувањата.

Класа 18 - Осигурување на туристичка помош

Во оваа класа реализацијата во однос на минатата година е повисока за 10 милиони МКД (индекс 116), додека во однос на планот е повисока за 16 милиони МКД. Реализацијата во оваа класа се врати на ниво од пред пандемијата, односно додека имаше ограничувања за патување поради мерки за спречување на ширење на вирусот. Растот во однос на 2024 година е и поради стабилизирање на ситуацијата со издавање на пасоши, како и растот кај онлајн продажбата.

Во продолжение следува преглед на бројот на склучени полиси по класи на осигурување.

	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)
01 Осигурување од последици на несреќен случај - незгода	59.306	51.523	115
02 Доброволно здравствено осигурување	18.987	18.979	100
03 Осигурување на моторни возила (каско)	7.420	6.960	107
04 Осигурување на шински возила (каско)			-
05 Осигурување на воздухоплови (каско)		1	-
06 Осигурување на пловни објекти (каско)	4	4	100
07 Осигурување на стока во превоз (карго)	745	991	75
08 Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	4.653	4.669	100
09 Други осигурувања на имот	21.310	21.028	101
10 Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	86.034	83.840	103
11 Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови	184	15	1.227
12 Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти	55	57	96
13 Општо осигурување од одговорност	9.622	9.163	105
14 Осигурување на кредити	12.106	11.687	104
15 Осигурување на гаранции			-
16 Осигурување на разни финансиски загуби	55	62	89
17 Осигурување на правна заштита			-
18 Осигурување на туристичка помош	119.672	98.617	121
Вкупно	**340.153**	**307.596**	**111**

БПП од задолжителни и незадолжителни класи на осигурување



БПП по продажни канали

6.2 **Ликвидирани штети**

-7%
Бруто ликвидирани штети



МКД '000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	План 2025 (3)	Индекс (1)/(2)	Индекс (1)/(3)	Структура 2025
01 Осигурување од последици на несреќен случај - незгода	102.310	98.474	100.660	104	102	14,8%
02 Доброволно здравствено осигурување	150.632	139.309	169.715	108	89	21,8%
03 Осигурување на моторни возила (каско)	94.146	105.939	111.389	89	85	13,7%
04 Осигурување на шински возила (каско)	-	-	-	-	-	0,0%
05 Осигурување на воздухоплови (каско)	6.446	127	70	5.075	9.208	0,9%
06 Осигурување на пловни објекти (каско)	-	-	-	-	-	0,0%
07 Осигурување на стока во превоз (карго)	51.661	104	504	49.739	10.241	7,5%
08 Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	3.223	34.805	10.087	9	32	0,5%
09 Други осигурувања на имот	41.219	72.206	90.592	57	45	6,0%
10 Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	211.515	253.263	252.865	84	84	30,7%
11 Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови	-	-	-	-	-	0,0%
12 Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти	-	-	-	-	-	0,0%
13 Општо осигурување од одговорност	911	1.301	1.010	70	90	0,1%
14 Осигурување на кредити	1.082	433	738	250	147	0,2%
15 Осигурување на гаранции	-	-	-	-	-	0,0%
16 Осигурување на разни финансиски загуби	-	-	-	-	-	0,0%
17 Осигурување на правна заштита	-	-	-	-	-	0,0%
18 Осигурување на туристичка помош	26.388	31.293	25.987	84	102	3,8%
Вкупно	**689.532**	**737.255**	**763.617**	**93,5**	**90,3**	**100,0%**

Коментари по одделни класи на осигурување

Класа 1 - Осигурување од последици на несреќен случај - незгода

Во оваа класа реализација во споредба со минатата година и планот е 104 и 102. Поголемиот број на полиси во однос на 2024 година (индекс од 115) предизвика соодветен раст и на штетите.

Класа 2 - Доброволно здравствено осигурување

Во оваа класа реализација во споредба со минатата година и планот е со индекси 108 и 89.

Намалувањето во однос на планот се должи на помалиот раст на премијата (индекс од 89).

Заклучно со 31 декември 2025 година, во резервација се 738 оштетни побарувања во износ од 16,6 милиони МКД.

Класа 3 - Осигурување на моторни возила (каско)

Во оваа класа имаме помала реализација од минатата година (индекс 89) и пониска во однос на планот (индекс 85). Отстапувањето во однос на планот е поради помалиот обем на штети кај товарните возила. Во резервација се 390 штети на износ од 38,5 милиони МКД. (2024: 46 милиони МКД)

Класа 7 – Осигурување на стока во превоз (карго)

Ликвидирани се штети во износ од 52 милиони мкд, значително над планот. Се работи за штета по фронтинг договор кај клиент од слободните индустриски зони. Ризикот е целосно реосигуран.

Класа 8 - Осигурување на имот од пожар и природни непогоди

Во оваа класа реализацијата е пониска споредено со минатата година (индекс од 9) и планот (индекс од 32). Во 2024 имавме поголема штета поради настанат пожар (22,3 милиони МКД).

Во резервација се 42 штети на вкупен износ од 20 милиони МКД (2024: 12 милиони МКД):

Класа 9 - Други осигурување на имот

Во оваа класа постои пониска реализација во однос на минатата година (индекс од 57), и пониска во однос на планот (индекс од 45).

Пониската ликвидација во тековната година произлегува од штетите за посеви и плодови кои во 2025 година беа 38 милиони МКД пониски отколку минатата година. Во резервација се 115 оштетни побарувања на вкупен износ од 23 милиони МКД (2024: 15 милиони МКД)

Класа 10 - Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила

Во оваа класа, реализацијата во споредба со претходната година е 84, исто како и во однос на планот. Причината за отстапките е тоа што во 2024 година е ликвидирана една стара штета по зелена карта на вкупен износ од 25 милиони МКД.

Во резервација има вкупно 1.052 штети во износ од 273 милиони МКД (2024: 293 милиони МКД).

Класа 13 - Општо осигурување од одговорност

Во оваа класа, реализацијата во споредба со претходната година е 911, а во однос на планираното ниво е 90. Поради фактот што во оваа класа обично има мал број на штети, тешко е да се предвиди движењето на ликвидацијата во текот на годината и оттаму, можноста за девијација од планот е голема. Сепак отстапките во апсолутни износи се незначителни.

Класа 18 - Осигурување на туристичка помош

Во оваа класа, реализацијата во споредба со претходната година е 84, а во однос на планираното ниво е 102.
Во резервација има вкупно 279 штети во износ од 11 милиони МКД (2024: 9 милиони МКД).

Во продолжение следува преглед на бројот на ликвидирани штети по класи на осигурување.

	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)
01 Осигурување од последици на несреќен случај - незгода	969	1.153	84,0
02 Доброволно здравствено осигурување	14.794	13.489	109,7
03 Осигурување на моторни возила (каско)	1.089	1.188	91,7
05 Осигурување на воздухоплови (каско)	1	-	-
07 Осигурување на стока во превоз (карго)	4	3	133,3
08 Осигурување на имот од пожар и природни непогоди	56	112	50,0
09 Други осигурувања на имот	945	1.503	62,9
10 Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила	2.575	2.576	100,0
11 Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови	-	-	-
13 Општо осигурување од одговорност	16	18	88,9
14 Осигурување на кредити	40	22	181,8
16 Осигурување на разни финансиски загуби		-	-
18 Осигурување на туристичка помош	1.381	1.204	114,7
Вкупно	**21.870**	**21.268**	**102,8**

6.3 Нето трошоци за спроведување на осигурувањето

+14%

Нето трошоци за спроведување на осигурување



МКД '000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)	Структура 2025
Трошоци за стекнување	212.710	202.950	104,8	36,1%
Провизија	114.101	95.155	119,9	19,4%
Бруто плати на вработените во внатрешната продажна мрежа	106.397	97.478	109,1	18,1%
Останати трошоци за стекнување	1.692	968	174,7	0,3%
Промена во одложените трошоци за стекнување (+/-)	(9.480)	9.348		-1,6%
Административни трошоци	376.473	314.179	119,8	63,9%
Амортизација на материјални средства кои служат за вршење на дејноста	18.924	15.362	123,2	3,2%
Трошоци за вработените	122.926	118.179	104,0	20,9%
Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност (договори за работа, авторски договори и други правни односи) заедно со сите давачки	670	739	90,6	0,1%
Останати административни трошоци	233.954	179.899	130,0	39,7%
Вкупно	**589.182**	**517.129**	**113,9**	**100,0%**

Нето трошоците за спроведување на осигурувањето во деловната 2025 година изнесуваат 589 милиони МКД што претставува раст од 14% или 72 милиони МКД во однос на истиот период претходната година.

Трошоците за стекнување се повисоки за 10 милиони МКД, како резултат на растот на исплатени провизии на внатрешната продажна мрежа и брокерските друштва, согласно растот на премијата.

Трошоците за амортизација се зголемени во однос на претходната година за околу 3,5 милион МКД, како резултат на амортизирање на средствата со право на користење, согласно воведувањето на стандардот МСФИ 16.

Трошоците за вработените се зголемени за 4 милиони МКД, како резултат на повисок износ на новогодишен надомест и бонуси.

Останатите административни трошоци се зголемени за околу 54 милиони МКД, генерално во делот на маркетинг и промоција (за 26 милиони МКД), како и еднократен трошок за раскинување на договор за закуп.

6.4 Реосигурување

Премијата за реосигурување во деловната 2025 година во вкупната бруто полисирана премија на осигурување е застапена со 30%. На реосигурување е пренесен износ од 506 милиони МКД. Во однос на претходната деловна година остварено е зголемување на реосигурителното покритие за 16 милиони МКД. Зголемување има кај скоро сите позиции од реосигурителните договори и тоа:

- Останато реосигурување: 2025: 93 милиони МКД наспроти 2024: 96 милиони МКД
- Фронтинг полиси: 2025: 283 милиони МКД наспроти 2024: 274 милиони МКД
- Генерал QS договор: 2025: 129 милиони МКД наспроти 2024: 120 милиони МКД

Причината за растот кај фронтинг полисите се однесува на неколку постоечки клиенти - членки на меѓународни групации, а кои ги обновија полисите на повисоки износи.

МКД '000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)
Бруто полисирана премија	1.691.222	1.618.108	104,5
Премија предадена во реосигурување	505.916	490.176	103,2
- Реосигурување	222.211	215.945	102,9
Фронтинг	283.705	274.231	103,5
Премија нето од реосигурување	**1.185.306**	**1.127.932**	**105,1**

6.5 Осигурително-технички резерви

Заклучно со 31 декември 2025 година, Триглав Осигурување АД Скопје има оформено 2.012 милиони МКД бруто технички резервации. Вкупниот износ на бруто техничките резервации во однос на состојбата од 31 декември 2025 година е зголемен за 5%, или во апсолутен износ за 97 милиони МКД.

Состојба на одделни видови на резервации е како што следи:

- Бруто преносните премии на 31 декември 2025 изнесуваа 691 милиони МКД и во однос на состојбата од 31 декември 2024 се зголемени за 9%. Растот е резултат на зголемената реализирана бруто полисирана премија низ целата година.
- Бруто резервациите за штети изнесуваа 1.310 милиони МКД и во однос на состојбата од 31 декември 2024 година се зголемени за 3% или 35 милиони МКД. Причина за зголемувањето е растот на резервите за настанати и пријавени штети (RBNS) за 19 милиони МКД, како и растот на резерви за трошоци за ликвидација на штети (CHC) за 22 милиони МКД.

МКД '000	31 Декември 2025 (1)	31 Декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)
Резерви за преносна премија	691.627	632.706	109,3
Резерви за штети	1.309.973	1.274.916	102,7
Резерви за бонуси и попусти	10.876	7.365	147,7
Вкупно бруто технички резерви	**2.012.476**	**1.914.986**	**105,1**

6.6 Структура на финансиските средства

Финансиските средства и вложувања во недвижности на 31 декември 2025 година изнесуваат 1.727 милиони МКД, односно се пониски за 4% во однос на минатата година. Понискиот износ е резултат на издвојување на дел од финансиските средства за купување на новиот деловен простор за Друштвото.

Во структурата на вкупните финансиски средства и вложувања во недвижности најголемо учество остваруваат хартиите од вредност расположливи за продажба со 74,9% (2024: 69,0%) потоа следат депозитите во банки и останати пласмани со учество од 20,6% (2024: 22,1%) вложувањата во акции и инвестициони фондови се на трето место со 3,6% (2024: 8,1%) вложувањата во заеднички контролирани ентитети со 0,8% (2024 0,8%), додека вложувањата во недвижности имаат учество од 0,1% (2024: 0,1%).

МКД '000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)	Структура
Вложувања во недвижности	1.143	1.209	94,5	0,1%
Акции и инвестициони фондови	62.552	146.032	42,8	3,6%
Депозити во банки и останати пласмани	356.500	398.913	89,4	20,6%
Хартии од вредност расположливи за продажба	1.292.533	1.246.362	103,7	74,9%
Вложувања во друштва во група (придружени друштва и заеднички контролирани ентитети)	13.909	14.750	94,3	0,8%
Вкупно	**1.726.637**	**1.807.267**	**95,5**	**100%**

* Во позициите Депозити во банки и Вложувања во заеднички контролирани ентитети не се вклучени побарувањата по основ на акумулираните камати (АВР), а кои изнесуваат 9.177 илјади МКД (2024: 12.691 илјади МКД) и 505 илјади МКД (2024: 487 илјади МКД)

7.
Финансиски резултат и финансиска положба

7.1 **Финансиски резултат**

Триглав Осигурување АД, Скопје заклучно со 31.12.2025 година оствари нето добивка од работењето во износ од 106,6 милиони денари, што претставува раст од 54,2 милиони денари во однос на 2024 година.

- **Триглав Осигурување оствари нето добивка од 106,6 милиони МКД, односно +103% повеќе од лани.**
- **Повратот на капитал изнесува 10,6%**
- **Комбинираниот количник значително се подобри во споредба со минатата година и изнесува 96,2%,рефлектирајќи го намалувањето на штетниот количник**

- Нето приходите од премија за 2025 година изнесуваат 1.153 милиони МКД, кое што претставува зголемување во однос на 2024 година за 6%, односно за 69 милиони МКД. Гледано аналитички, причините за растот се:
  - Раст на бруто премијата за 88 милиони МКД, што делуваше позитивно на нето приходите од премијата. Значаен раст се забележува во класите за здравствено осигурување (раст од 28 милиони МКД) и осигурување на кредити (раст од 27 милиони МКД);
  - Раст на премијата предадена во реосигурување и соосигурување за 16 милиони МКД, што делуваше негативно на нето премијата.
  - Промената во нето резервите за преносна премија, во споредба со 2024 година, влијаеше негативно за 2 милиони МКД.
- Приходите од финансиски вложувања изнесуваат 81 милиони МКД и се за 23% повисоки од 2024 година, генерално поради повисоките капитални добивки од продажба на хартии од вредност. 74% од овие приходи се однесуваат на камати, 21% на реализирани добивки од продажба на хартии од вредност, а 2% се однесуваат на приходи од наемнини. Останатите приходи од вложувања главно произлегуваат од курсни разлики. Во овој период имаме и наплата на застарено побарување во износ од 1 милион МКД. Во текот на 2025 година беше продаден и уделот кој Друштвото го имаше во сестринската компанија Триглав осигурување Живот, на износ од 56 милиони МКД.
- Приходи по основ на провизии од реосигурување изнесуваат 104 милиони МКД и се на исто ниво како и минатата година.
- Останатите осигурителни приходи, заедно со останатите приходи се намалени за 15% (2 милион МКД) поради пониските приходи од асистенција.

Во делот на расходите, Друштвото ги оствари следниве резултати:

- Нето расходите за штети се во износ од 531 милиони МКД и се за 64 милиони МКД (11%) пониски од минатата година. Гледано аналитички, причините за падот се:
  - Пад на бруто ликвидираните штети за 48 милиони МКД, што делуваше позитивно на нето расходите за штети;
  - Раст на бруто ликвидираните штети под реосигурување за 26 милиони МКД, што делуваше позитивно на нето расходите за штети;
  - Промена во нето резервите за штети во споредба со 2024 година, немаа ефект на нето расходите за штети.
- Останатите технички резерви се за 0,8 милиони МКД зголемени поради зголемените резервации за менаџерско осигурување (дел од Класата 1 – Осигурување од незгода).
- Трошоците за бонуси и попусти изнесуваат 45 милиони МКД и се повисоки за 1 милиони МКД во однос на минатата година, во согласност со зголемената премија. Најголем износ на попусти отпаѓа на осигурување на моторни возила (16 милиони МКД) и здравствено осигурување (14 милиони МКД).
- Нето трошоците се објаснети во точката 6.3.
- Трошоци од вложувања се минимални (износ од 0,9 милиони МКД). Разликата во однос на 2024 година е поради имплементација на стандардот МСФИ 16, каде каматата за договорите за лизинг се пресметува во оваа позиција.
- Останати осигурително технички трошоци се во износ од 59 милиони МКД, односно за 1 милиони МКД (2%) повисоки од 2024 година, поради растот на трошоци за пожарен придонес.
- Вредносно усогласување на побарувањата е зголемено за 3,9 милиони МКД, за разлика од минатата година кога беше забележано намалување на исправката од 3,7 милиони МКД. Придонес кон растот имаше зголемената бруто премија.
- Данокот на добивка е повисок за 75% во однос на минатата година. Причината, од една страна, е повисоката бруто добивка. Од друга страна, евидентиран е и дополнителен данок во согласност со глобалниот минимален данок кој беше воведен на почетокот на 2025 година.

Во продолжение е билансот на успех за годината завршена на 31 декември 2025 и 2024 година.

МКД '000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)
Нето заработена премија	1.153.156	1.083.843	106
Приход од финансиски имот/средства	81.373	66.426	123
Приходи по основ на реосигурување	104.310	103.827	100
Останати осигурително технички приходи, намалени за реосигурување	6.989	8.259	85
Останати приходи	15.866	16.937	94
Нето издатоци за штети	(530.549)	(594.486)	89
Промена во останати осигурително технички резерви	(3.260)	(2.465)	132
Издатоци за бонуси и попусти	(45.153)	(44.410)	102
Нето трошоци за спроведување на осигурувањето	(589.182)	(517.129)	114
Трошоци од вложувања	(893)	(634)	141
Останати осигурително технички трошоци	(58.966)	(57.987)	102
Вредносно усогласување на побарувањата	(3.942)	3.684	(107)
Останати расходи	(2.083)	(1.415)	147
Резултат од работење пред оданочување	**127.665**	**64.448**	**198**
Данок на добивка	(21.040)	(12.013)	175
Нето резултат од работење	**106.626**	**52.435**	**203**

7.2 Финансиска положба

Билансната сума на Друштвото на 31 декември 2025 година изнесува 3.539 милиони МКД, и е за 12% повисока во однос на состојбата на ден 31 декември 2024 година.

Актива: Најголемо структурно учество во вкупниот имот на Друштвото остваруваат останатите финансиски средства со 48% и изнесуваат 1.712 милиони МКД (намалени за 4% во однос на минатата година). Намалувањето е резултат на пренасочувањето на средства за купување на сопствен деловен простор. По вложувањата следат средствата од реосигурување со учество со 20% и изнесуваат 702 милиони МКД, за 8% повеќе од 2024 година.

Побарувањата имаат структурно учество од 12%, во износ од 414 милиони МКД. Побарувањата во 2025 година остваруваат раст во однос на претходната година за 14%, генерално поради структурата, односно динамиката на доспевање на премијата.

Нематеријалниот имот изнесува 37 милиони МКД и во вкупните средства учествува со 1%. Во однос на минатата година е на исто ниво.

Градежните објекти изнесуваат 470 милиони МКД и имаат учество од 13% во вкупниот биланс. Во однос на минатата година се зголемени за 320 милиони МКД. Во текот на 2025 година, Друштвото успешно реализираше значајна стратешка инвестиција со преселување во нови, современи деловни простории. Новиот деловен објект, лоциран на Бул. „3-та Македонска бригада“ бр. 36, претставува значаен чекор во унапредувањето на инфраструктурните капацитети и создавање подобри услови за работа.

Останатите средства изнесуваат 74 милиони МКД, од кои пари и паричните еквиваленти изнесуваат 31 милиони МКД денари и во вкупната актива учествуваат со 1%, со што нивното учество е зголемено од претходната година, а 43 милиони МКД се однесуваат на опрема и останати материјални средства кои се зголемени во однос на претходната година за 200% поради набавка на нови службени возила, како и опрема за новите деловни простории.

Побарувањата по основ на одложени и тековни даночни средства изнесуваат 9 милиони МКД и се за 13% пониски во однос на 2024 година поради намалената негативна ревалоризациона резерва на финансиските инструменти.

Заклучно со декември 2025 година, активните временски разграничувања се во износ од 107 милиони МКД и претставуваат 3% од вкупните средства. Од нив најголемиот дел, односно 96 милиони денари МКД, се однесуваат на одложени трошоци за стекнување (DAC), кој пак е зголемени за 9 милиони МКД во однос на 2024 година.

Пасива: Вредноста на капиталот на ден 31 декември 2025 година изнесува 1.063 милиони МКД, или за 13% повеќе во однос на состојбата од 31 декември 2024 година. Причина за растот е реализираната добивка од годината, како и позитивните промени во ревалоризационата резерва од вложувањата во текот на годинава. Структурното учество на капиталот во билансната сума на Друштвото за деловната 2025 година изнесува 30%. Основачкиот (впишан капитал на Друштвото) според податоците од Централниот регистар изнесува 3.009.200 евра.

Бруто техничките резервации изнесуваат 2.012 милиони МКД, остваруваат раст од 5% во однос на состојбата од 31 декември 2024 година и имаат најголемо структурно учество во вкупната пасива со 57%. Раст имаме и кај бруто резервите за преносни премии и кај резервите за штети, во склад со растот на бруто полисираната премија.

Даночните обврски изнесуваат 9 милиони МКД и бележат раст од 107% поради повисокиот данок на добивка за 2025 година.

Обврските изнесуваат 352 милиони МКД и бележат раст од 66% (повисоки за 140 милиони МКД). Во структурата на изворите на средства учествуваат со 10%. Растот е резултат на преостанатите обврски (рати) за исплата на новиот деловен простор, како и поради зголемување на обврските за реосигурување за 14 милиони МКД.

Пасивните временски разграничувања изнесуваат 72 милиони МКД и во структурата на вкупната пасива учествуваат со 2%. Пасивните временски разграничувања се однесуваат на прокнижување на аконтации за трошоци направени во 2025 година, а за кои сметководствени документи не беа пристигнати со датумот на затварање на сметките.

Во продолжение следува билансот на состојба за годината завршена на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година.

МКД ‘000	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Индекс (1)/(2)	Структура 2025
СРЕДСТВА				
Нематеријален имот	36.858	36.310	102	1%
Земјиште, градежни објекти и останати материјални средства	470.371	150.040	313	13%
Финансиски вложувања во друштво во група	13.909	14.750	94	0%
Останати финансиски вложувања	1.711.585	1.791.308	96	48%
Средства од реосигурување	701.782	651.389	108	20%
Одложени и тековни даночни средства	9.314	10.700	87	0%
Побарувања	413.667	363.341	114	12%
Останати средства	73.978	36.735	201	2%
Активни временски разграничувања	107.248	101.365	106	3%
ВКУПНО АКТИВА	**3.538.711**	**3.155.937**	**112**	**100%**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ				
Капитал	1.063.083	943.979	113	30%
Бруто технички резерви	2.012.476	1.914.986	105	57%
Останати резерви	30.463	28.784	106	1%
Одложени и тековни даночни обврски	8.694	4.255	204	0%
Обврски	352.308	212.449	166	10%
Пасивни временски разграничувања	71.688	51.483	139	2%
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ	**3.538.711**	**3.155.937**	**112**	**100%**

8.
Контрола на ризикот

Управувањето со ризици е процес кој овозможува со одговорно работење да дојдеме до квалитетни сознанија за да носиме исправни одлуки за постигнување на подобри резултати од работењето. Основната одговорност за активно управување со ризиците од работењето ја носат одредени деловни подрачја, кои се одговорни за воспоставување на соодветни и ефикасни внатрешни контроли и спроведување на деловни активности во согласност со ограничувањата на одредени стратешки цели.

Триглав Осигурување АД, Скопје во континуитет ги идентификува, проценува и мери ризиците на кои се изложува во текот на своето работење. Управувањето со ризиците претставува планиран и систематизиран пристап на идентификација, процена и пресметка на контрола на ризикот. Имено, Друштвото обезбедува трајно одржување на степенот на изложеност на ризик на ниво кое нема да ги загрози неговите средства и работење и кое ќе обезбеди целосна заштита на интересите на осигурениците, акционерите, оштетените трети лица и други доверители на Друштвото во согласност со законот и останати прописи, како и интерните правила и процедури.

Со оглед на тоа што Законот за супервизија на осигурување сè уште се заснова на Директивата Солвентност I, во процесот на управување со ризиците Триглав Осигурување АД, Скопје ја води својата работа во согласност со истата. Но, имајќи ја предвид очекуваната европска интеграција на Република Македонија, најавите на регулаторот за планираната транзиција кон заедничките европски регулативи, како и потребата од интегрирање на системот за управување со ризици на ниво на Групацијата Триглав, со компанијата се управува и во согласност со регулативата Solvency II.

Кога станува збор за проценка на ризикот, важно е да се забележи дека компанијата прво се обидува да го процени ризикот користејќи квантитативни методи, онаму каде што е можно. Доколку, по дефиниција, ризикот е тешко да се измери (на пр. репутациски ризик), тогаш Друштвото го проценува ризикот квалитативно.

8.1 Адекватност на капиталот

Адекватност на капиталот претставува обезбедување од можните капитални ризици, односно од ризици од кои Друштвото може да не биде способно да го обезбеди потребниот пропишан капитал. Во текот на деловната 2025 година, Друштвото продолжи со редовни пресметки на потребното ниво на капиталот.

Адекватноста на капиталот Друштвото ја проверува на квартално ниво преку пресметка на потребното ниво на маргина на солвентноста со примена на методот на стапка на премија и методот на стапка на штети во согласност со Законот за супервизија на осигурување.

Триглав Осигурување АД, Скопје за потребите на Групација Триглав на квартално ниво ја користи и Стандардната формула за мерење на адекватноста на капиталот според Solvency II регулативата, одредувајќи го нивото на потребен капитал што се издвојува за секој идентификуван и мерлив ризик на кој е изложена компанијата.

8.2 Управување со ризикот од осигурување

Едно од главните средства за контрола на ризикот од осигурување е реосигурувањето. За ризиците кои го надминуваат сопствениот капацитет на осигурување, односно за управување со вишок на ризици, Друштвото во деловната 2025 година ги реосигура своите обврски од договорите за осигурување кои го надминуваат износот утврден со Табелата за максимално покритие. Потребите од реосигурување за извештајниот период, се спроведуваа во согласност со Одлуката за утврдено максимално покритие, како и Програма за потребите од реосигурување на Друштвото за деловната 2025 година, каде поединечно се наведени, покрај останатото и видовите на договорите за реосигурување со кои ќе се обезбеди вишокот на ризик.

Во склад со законските решенија, а со цел за трајно обезбедување на извршување на обврските од договорите за осигурување, Друштвото во извештајниот период продолжи со формирање на технички резерви. Утврдување на потребното ниво на техничките резерви, претставува еден од најзначајните фактори за контрола на ризикот, бидејќи со истите се покриваат идните обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување. Формирање на средства кои ги покриваат техничките резерви се вршеше во согласност со законските прописи, утврдената методологија на Заваровалница Триглав д.д., прописите на Агенцијата за супервизија на осигурување, како и актите и правилниците на Друштвото.

8.3 Управување со оперативни ризици

Оперативен ризик е ризик кој произлегува од пропустите во работењето на вработените и органите на Друштвото, несоодветни внатрешни контроли, неадекватно управување со информационите и други системи, непредвидени надворешни настани, како и правниот и ризикот од неусогласеност, но истиот не ги вклучува стратешкиот и репутацискиот ризик.

Оперативниот ризик има влијание на секоја активност и деловен процес во рамките на Друштвото. Ефикасно управување со оперативните ризици се темели на разбирање на значењето и влијанието на оперативните ризици врз работењето на Друштвото, поделбата на надлежностите и ефикасна контрола во процесот на утврдување, проценување, надзор и контрола на оперативниот ризик. Прелиминарен чекор во воспоставувањето на ефикасно управување со оперативниот ризик е подигање на свеста за оперативниот ризик на сите нивоа на Друштвото. Важна улога во подигање на свеста има и раководството на Друштвото кое е одговорно, во рамките на својот сектор, служба и одделение, да ја пренесе важноста за ефикасно управување со оперативниот ризик.

Долгорочните цели на Друштвото кога се во прашање оперативните ризици опфаќаат:

- Ефикасно идентификување, мерење, процена, контрола и управување со оперативните ризици;
- Прегледно, целосно и ефикасно следење на штетите и загубите предизвикани од реализацијата на оперативните ризици по поединечни организациони единици, а се со цел спречување и ограничување на обемот и фреквенцијата на штетни настани;
- Подготовка, координација и имплементација на мерки за намалување на оперативниот ризик, односно спречување на идни штетни настани;
- Пресметка на потребниот капитал за покривање на оперативните ризици, во согласност со Солвентност II;
- Изведување адекватна процена на оперативните ризици во рамки на ORSA (own risk and solvency assessment);
- Подготовка на анализи и навремено информирање за изложеноста на оперативни ризици и со нив поврзани штетни настани.

Активностите за контрола и надзор над оперативниот ризик се спроведуваат на ниво на целото Друштво, преку ***системот за интерни контроли и системот за управување со деловни процеси***, како и активностите кои се спроведуваат од страна на сите организациони единици во рамките на своите области.

Интерните контроли се дефинирани во актот „Систем на интерни контроли“ , кој претставува рамка за развој и унапредување на интерните контроли во Друштвото. Во овој документ се одредуваат важните компоненти на системот на интерни контроли, како и улогите и одговорностите во тој систем.

Системот на управување со деловните процеси е дефиниран преку Каталогот на деловни процеси, во кој се опишани сите деловни процеси кои се изведуваат во Друштвото. Ажурирање на Каталогот вообичаено се изведува еднаш годишно.

Одговорност за ефикасно управување со оперативните ризици не е централизирано, како што е случај со повеќето од останатите ризици. Во рамките на системот одговорност имаат сите организациони единици, односно носителите на истите. Организационите единици се сопственици на оперативниот ризик со оглед на тоа што најдобро ги познаваат ризиците со кои се соочуваат во делокругот на своите деловни активности. Управувањето може да се изведува и во соработка и координација со останатите подрачја, како што е Функцијата за управување со ризици, Функцијата за усогласеност на работењето, Службата за внатрешна ревизија, Службата за спречување, откривање и истражување на измами итн.

8.4 Управување со ризик на ликвидност

Ликвидносен ризик е ризик од загуба, дека Друштвото не е во можност да ги подмири сите доспеани обврски или е принудено да ги обезбеди потребните средства по значително повисоки трошоци од вообичаеното. Во рамките на ликвидносниот ризик, го следиме ризикот, кој го вклучува ризикот од подмирување на достасаните и непредвидените обврски и ризикот од пазарна ликвидност.

- Ризикот од подмирување на достасаните и потенцијалните обврски е ризик од неможност на Друштвото да располага со ликвидносна позиција која овозможува подмирување на нејзините обврски по доспевање (вклучувајќи ги и неочекуваните обврски кои настанале).
- Ризикот од пазарна ликвидност е ризик од загуба поради неможност да од продажба на средствата без значително влијание врз пазарната цена поради нарушување на пазарот.

Управувањето со ликвидносниот ризик опфаќа краткорочна, среднорочна и долгорочна ликвидност. Оперативната или примарна (краткорочна) ликвидност се фокусира на пократок, неделен временски период. Среднорочната ликвидност се фокусира на период од еден до три месеци, а долгорочната на период од една година.
Ликвидносниот ризик е тесно поврзан со другите ризици во Друштвото и најчесто е резултат на управувањето со инвестициското портфолио на Друштвото, кога ги инвестира наплатени премии во различни хартии од вредност, како и појавата на непредвидени обврски врз основа на активности на осигурување.

Друштвото има воспоставено методи и процеси во рамките на системот за управување со ликвидносниот ризик со јасно дефинирани овластувања и одговорности, преку кои овие ризици се препознаваат (идентификуваат), се мерат или оценуваат, се контролираат, следат и управуваат. Системот му овозможува на Друштвото да врши висококвалитетна

анализа и известување, како и да подготвува, предлага и имплементира мерки за обезбедување на соодветна ликвидносна позиција.

Ликвидносниот ризик на осигурителната компанија се следи врз основа на дефинирани показатели. Ова се следните показатели за ликвидносниот ризик:

- Кумулативниот LCR (коефициент на покриеност на ликвидноста) кон ликвидните резерви (во натамошниот текст: LCR) претставува централен показател за ликвидносниот ризик, со кој ги мериме ликвидносните ризици за сите периоди.
- Индикатор за примарна/оперативна ликвидност;

Индикаторот LCR е модел на готовински тек заснован на методот на ликвидносните празнини. Ова овозможува квантитативна проценка на ликвидносниот ризик во различни идни периоди и сегменти, со единствен LCR показател за ликвидност за проценка на ликвидносниот ризик за различни периоди, и овозможува анализа на ефектите врз ликвидносниот ризик во нормални и стресни околности, како и овозможува испитување на ефективноста на мерките за управување со ликвидносниот ризик.

Оперативната или тековна ликвидност се фокусира на краток временски период и е во надлежност на Секторот за економско-финансиски работи. При управувањето со оперативната ликвидност Друштвото првенствено се раководи од постоечката регулатива, односно „Правилникот за методот за пресметка на коефициентот на пресметка на ликвидност и минималната ликвидност“. Согласно истиот, Друштвото е должно на дневна основа да го пресметува коефициентот на ликвидност, кој што го претставува односот помеѓу ликвидните средства од една, и доспеаните и обврските кои наскоро ќе доспеат од друга страна. Друштвото го достигнува минималното ниво на ликвидност доколку коефициентот на ликвидност изнесува 1 (еден). Дополнително, во Друштвото е донесен и Правилник за управување и Упатство за планирање на ликвидноста, во кои е опишан начинот на кој што овој ризик ќе биде мерен, следен и контролиран, како и мерките за спречување или отстранување на причините за неликвидност.

8.5 **Управување со пазарен ризик**

Управувањето со пазарниот ризик подразбира ангажирање и одговорност на сите организациони единици и вработени за спроведување на Политиката за управување со ризици. Постоењето на ефективен систем на контрола и лимити, организациона свест за пазарните ризици, како и унапредување на ИТ технологијата, ќе овозможи спроведување на активности кои ја формираат рамката за управување со пазарниот ризик. Освен оваа политика, елементи за управување со пазарните ризици се обезбедени и со други интерни акти на Друштвото.

Пазарниот ризик се однесува на ризик кој, директно или индиректно, е резултат на флуктуациите и/или нестабилноста на пазарните цени на средствата и обврските, вклучувајќи го девизниот ризик, каматниот ризик, ризикот од промена на цените на недвижностите, ризик на сопственичките хартии од вредност итн. Одделението за финансии е должно да инвестира во финансиски средства чиј ризик може адекватно да се идентификува, мери, управува и контролира. При поставување на лимити, Друштвото секогаш ќе се води од начелото за усогласеност со регулаторните барања врзани со процесот на вложување. Моменталниот систем на лимити е темелен на постоечката легислатива, која пак е базирана на Солвентност I и правилата за покритие на техничките резерви, структурата на вложување итн.

8.6 **Управување со кредитен ризик**

Кредитен ризик (credit default risk) претставува ризик кој произлегува од промени, односно пад на кредитната способност на издавателот на хартии од вредност, заемопримателот, како и други должници спрема кои Друштвото има побарувања.

Управувањето со кредитниот ризик подразбира склоп на правила и процеси, како и алокација улогите и одговорностите кои Друштвото ќе ги почитува при вложувањето во инвестиции кои се изложени на кредитен ризик. Ефикасно управување со кредитниот ризик има за цел диверзификација на портфолиото на Друштвото, а се со цел ограничување од концентрација на изложеноста на Друштвото.

Кредитниот ризик не е основен ризик од работењето на Друштвото, но произлегува од активности од основното работење (пр: ризик од ненаплатување на побарувањата од осигурениците, ризик од ненаплатување на побарувањата од реосигурителите итн.). Согласно на тоа, Друштвото сака максимално да го ограничи и контролира кредитниот ризик, односно неговиот апетит за преземање на кредитен ризик е значително помал од апетитот за преземање на осигурителен и пазарен ризик. На тој начин, Друштвото посветува повеќе внимание на управување во рамките на својата основна дејност (продажба на осигурителни полиси и следствено, инвестирање на расположливите средства), со што придонесува кон намалување на својот ризичен профил.

8.7 **Внатрешна ревизија**

• Службата за внатрешна ревизија организирана е како самостојна, независна организациона единица на Друштвото која е непосредно подредена на Одборот на директори. Службата е функционално и организационо одвоена од другите организациони делови на Друштвото.

• Дејствувањето на внатрешната ревизија е регулирано со закон, важечките меѓународни признати стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, начелата на струката и праксата, внатрешните акти, како и насоки на Службата за внатрешна ревизија на матичното друштво.

• Со својот независен и непристрасен пристап во текот на обавување на своите работи и објавување на резултатите од работењето, како и известување за спроведената внатрешна ревизија, Службата помага на Одборот на директори и на раководните лица во заштита на имотот на Друштвото и во подобрување на квалитетот од работењето, во економично и ефикасно користење на средствата и сигурност на информациите.

• Кај остварување на стратешките цели и деловната политика, Службата допринесува во подобрување на неправилностите и успешноста на постапките во работењето со ризиците, владеење со ризиците и управување со истите со цел остварување на програмата и плановите на Друштвото.

• Со потполен надзор над работењето, Службата проверува дали Друштвото ги извршува своите работи во склад со одредбите на ЗСО, останатите закони, како и внатрешните прописи со кои се регулира работењето на Друштвото.

• Подетално проверува, дали Друштвото води деловни книги и изготвува годишни извештаи, ги вреднува позициите во деловните биланси и годишните сметки и ја известува јавноста за податоците од Годишниот извештај изготвен во согласност со ЗСО, како и во согласност со внатрешните прописи со кои се регулира работењето на Друштвото. Службата, согласно постојните прописи, на редовна основа го известува Одборот на директори за конкретно превземените активности и донесени заклучоци.

8.8 **Управување со ризик на измама**

Триглав Осигурување АД, Скопје проактивно ги менаџира ризиците од измами, предизвикани како од надворешни фактори (договорувачи на осигурување, осигуреници, посредници, брокери, авто-сервиси, адвокати), така и од внатрешни фактори, односно потенцијалните ризици од измами од лица кои се во работен однос со Друштвото, како и ризиците од измами предизвикани од надворешни фактори со помош на лица кои се во работен однос со Друштвото.

Управувањето со ризиците од надворешни и интерни измами, покрај делот кој ги опфаќа барањата за надомест на штети кај различните видови осигурување, исто така ги опфаќа и различните процеси и деловни активности на Друштвото во останатите домени на работа, како што се маркетинг активностите, процесите на прибава на осигурување, спонзорствата, донациите, поголемите вложувања и инвестиции, процесите на набавки и.т.н.

Триглав Осигурување во текот на 2012 година во доменот на управување со ризици од измами, преку формирање на Службата за спречување, откривање и истрага на измами (СПОРП) на организиран начин отпочна со примена на политика на нулта толеранција кон измами, јасно покажувајќи ја својата посветеност кон проактивна заштита на чесните, регуларни и правно засновани деловни операции на Друштвото. Стратегијата за борба против измами е базирана на три основни столбови – спречување, откривање и истражување на измамите, коишто му овозможуваат на Триглав Осигурување да презема мерки против измамите во делокругот на целокупното свое работење. Друштвото преку работењето на СПОРП, прави напори за сеопфатна примена на добрите практики на меѓународните организации како ACFE (Association of Certified Fraud Examiners) и IAIS (International Association of Insurance Supervisors) и е посветено на континуирано подобрување на капацитетите и ефикасноста на целокупниот систем на внатрешни контроли поврзани со справувањето со ризици од измами. Во тој дух, на крајот од 2015 година, во согласност со насоките од “SOLVENCY II“ директивата, беше воспоставена нова функција за “Усогласеност на работењето”, со именување на координатор за усогласеност на работењето, кој сега е надлежен за управување со ризиците од интерни измами, додека СПОРП продолжува со своето делување во управувањето со ризици од измами поврзани со примарната осигурителна дејност. Преку усогласено работење и континуирана координација на СПОРП со клучните функции – Внатрешна ревизија и Усогласеност на работењето, се овозможува посеопфатно заедничко делување и ефикасно сузбивање на ризиците од измами. На овој начин, овие служби спроведуваат заеднички контролни, но и едукативни активности, насочени кон тоа, вработените на сите хиерархиски нивоа да го разберат значењето на политиката на нулта толеранција кон измами и да се однесуваат усогласено со неа. Превентивното однесување во областа на измамите е дел од корпоративната култура, а ТОСК е водечки пример на примена на добри практики во осигурителната индустрија во Македонија.

Во согласност со обновената стратегија за Групацијата Триглав и насоченоста на групацијата кон дигитализација и нови технологии, ТОСК континуирано ги следи најсовремените светски текови и во оваа област, и инвестира во нови технологии кои ги подобруваат капацитетите и ефикасноста на друштвото во сузбивањето на измамите.

Така, во 2016 година беше набавена CDR BOSCH (Crash data retrieval) технологија, која на стручните вработени од секторот за штети и регреси, им овозможува да преземат прецизни и фактички податоци, директно од електронските уреди вградени во автомобилите што учествувале во сообраќајни незгоди - за кои се појавува сомнеж за евентуална измама или дилеми околу степенот на одговорноста на учесниците во незгодата.

Во 2017 година беше завршена и имплементацијата на современо, автоматизирано, софтверско решение (FROPS 2.0) за откривање на измами кај побарувањата за надомест на штети, кое во 2018 и 2019 година веќе покажа конкретни резултати и зголемена ефикасност во откривањето на измами. Со овој успешен проект, ТОСК стана првото осигурително друштво во Македонија кое воведе софтвер за откривање на измами во осигурувањето, со што уште еднаш го потврди својот неприкосновен лидерски статус на домашниот пазар, не само во примарната осигурителна дејност, туку и во сегментот на борба против измамите и применувањето нови технологии. Исто така во 2022 година воспоставена е уште една алатка која е дел од софтверот (FROPS 2.0),автоматска линија за пријавување на случаеви со сомнение за измама од вработените(FROPS WB) ,која на сите вработени им го олесни проток на информации и архивирање на податоците прибавени за случаеви со измама, но активностите во оваа година продолжија и со носење или измена на акти за олеснување работата каде има сомнение за измама и воведува задолжителна употреба на (FROPS WB) таму каде почесто се детектираат случаеви со измама и на CDR BOSCH (Crash data retrieval) технологија кај возилата каде е тоа подржано.

СПОРП службата продолжува континуирани да одржува средби со вработени во секторите и службите кои биле засегнати со измами во осигурување, пренесувајќи им искуства и едукација на вработените, се со цел подигнување на свесноста за ризиците од измами, но и со се почесто презентирање на примери од нови облици на измами и на пропусти поради кој биле реализирани или имало обид за реализирање на измами во осигурувањето. Додека пак за позначајните информациите за работата на СПОРП и за борбата против измамата се информира и преку платформата Gecko HRM / Intranet.

СПОРП исто така за заштита на Друштвото од измами редовно предложува и ги презема сите дозволени правни мерки против сторителите на измамите, како и превентивни мерки за спречување од идно нивно настанување.

СПОРП со деталните редовни проверки по сите потребни податоци преку достапните апликации овозможени од Националното Биро за осигурување, навремено го заштитува Друштвото од неосновано побарувани штети докажани со помош на прибавени докази од Други осигурителни компании со кој ја одржува соработката и во поголеми случаеви по негова иницијатива заедно започнуваат постапки пред надлежните органи за спречување и санкционирање на сторителите на измами или измами во обид.

9.
Поддршка на информатичка технологија

Основна функција на Службата за информатичко комуникациски технологии во Триглав осигурување АД Скопје е сервис/поддршка на бизнисот во ефикасно и успешно реализирање на поставените планови и стратегии на друштвото, во рамки на генералната стратегија на Групација Триглав и спроведување на корпорациските процеси и процедури. Службата за информатичко комуникациски технологии во Триглав осигурување АД Скопје е поставена според потребите на деловните процеси во друштвото и има за цел навремено, точно и комплетно процесирање на информации и документи релевантни во работењето на друштвото.

Службата се состои од две одделенија, Одделение за апликативен развој кое брои четворица членови и Одделение за инфраструктура кој брои тројца членови. Во Одделението за апликативен развој членува и Програмер кој е дел од интернационалниот девелоперски тим на ниво на Групација Триглав. Местото за Системски администратор за информатичка безбедност до крајот на годината не е пополнето.

Сите вработени поседуваат највисока Техничка наобразба со добро познавање на осигурителниот бизнис, кои се во тек со најновите современи технологии.

Службата за информатичко комуникациски технологии делува во правец на:

- Целосна достапност на ИТ сервисите;
- Техничка и апликативна поддршка на корисниците на информациските системи;
- Унапредување и имплементација на апликативен софтвер;
- Анализа и моделирање на деловни процеси по поединечни подрачја на работењето, учество во унапредување и развој на поединечни модули на ИС, поддршка и учество во изработка на функционални спецификации за нови функционалности, проектни имплементации на ИС, учество во тестирање и обука на корисници, управување со инциденти и доработки;
- Одржување на инфраструктура (сервери, виртуелизација, складирање на податоци, логичко вмрежување, управување со ресурси), системски сервиси (AD/DNS/File/Print), база на податоци(MSSQL), безбедност (пристап на корисници, АВ, бекап, disaster recovery), фиксна и мобилна телефонија;
- Примена на ИТ политика за безбедност според Правилникот за минимални стандарди од АСО и според безбедносните стандарди на Групација Триглав;
- Усогласеност на ИТ работењето според локалната законска регулатива и усогласеност на ниво на Групација Триглав;
- Управување на ИТ преку следење на ИТ проекти и ресурси и функционирање на Одборот за управување со ИТ, во чии рамки како извршно тело функционира Развоен Совет за управување со развојот на АПО Адинсуре на ниво на Групација Триглав

Поважни проекти во 2025 година на Службата за ИКТ беа:

Софтвер:

- Развој на апликативни решенија во соработка со други компании (Third party companies) преку веб сервиси (web АПИ) и https протоколи за размена/интеграција на податоци;
- Проширување на онлајн услугите со воведување на нов производ за Здравствено патничко осигурување;
- i.triglav мобилна апликација – поставена тивка продукција, односно достапност само на одреден круг на вработени.
- DMS – интегрирање на решението со Главниот Деловен Систем во делот на штети;

Хардвер:

- Набавка на Cisco мрежна опрема(3 Core Swithes C9300-24T-E, 6 switches C9200L-48P-E за поврзување на работни станици во централа и 19 рутери Cisco C921-4P за поврзување на сите експозитури ;
- Набавка на 15 преносни компјутери за потребите на ТОСК;
- Upgrade на 200 работни станици од Windows 10 на Windows 11, пред крајниот рок: end of support on October 14, 2025
- Имплементација на новото мрежно решение во новиот деловен простор на Триглав - Порта Суперіум.
- Преселба, ставање во функција и тестирање на комплетната инфраструктура на Триглав Осигурување АД Скопје на новата локација - Порта Суперіум.

Останато:

- Извршено ДРП тестирање на ниво на Групација Триглав;
- Замена на виртуелни машини со постари оперативни системи со понови (ќе се продолжи во 2026);
- План, презентација и спроведување на едукација за информатичка безбедност на сите вработени во Триглав Осигурување АД, Скопје;

10.
Маркетинг и односи со јавноста

Во текот на 2025 година, компанијата доследно ги реализираше планираните маркетинг и комуникациски активности преку интегриран и стратешки пристап, насочен кон зајакнување на пазарната позиција, унапредување на корисничкото искуство и усогласување на понудата со современите потреби на клиентите.

Во сегментот на развој и пазарна комуникација на производите, успешно беа лансирани новите пакети за здравствено патничко осигурување, Travel Smart и Travel Smart Plus, како и специјализираниот Travel Smart ски пакет, со што компанијата ја унапреди конкурентноста на своето портфолио и одговори на растечките очекувања за поголема флексибилност на осигурителните решенија. Дополнително, беше реализирана и комуникациска кампања за промената на локацијата на седиштето на компанијата, преку широк спектар на медиуми и канали за директна комуникација. Новата локација, покрај тоа што обезбеди подобри услови за работа и поефикасна организациска функционалност, е стратешки чекор, кој даде можност и за дополнително зајакнување на корпоративниот идентитет.

Во согласност со својата стратешка определба за одржлив развој, компанијата продолжи со реализација на проектот Триглав Зелена Лига vol.2, кој преку активно вклучување на вработените и клиентите поттикнува промена кон поодржливи животни навики и придонес кон намалување на емисиите на CO_2, зајакнувајќи ја позицијата на компанијата како одговорна организација, чие делување се темели на цврсти вредносни принципи.

Корпоративната општествена одговорност останува значаен столб на комуникациското и општественото делување. Преку проектот Боренка, со директен волонтерски ангажман на вработените, беа засадени 5.000 садници на опожарени подрачја, оставајќи конкретен и долгорочен еколошки придонес.

Паралелно, Триглав поддржа иницијативи во областа на економската едукација, финансиската писменост и лидерскиот развој, во соработка со релевантни институции и платформи, со што придонесе кон поширок општествен и економски напредок. Компанијата, меѓу другото, обезбеди поддршка за Институтот Либерална Алтернатива преку програми за економска едукација и финансиска писменост, како и поддршка на активностите на организацијата Македонија 2025, вклучително и MK2025 Summit – регионален бизнис и лидерски настан посветен на размена на знаења, идеи и добри практики, како и на други развојни и едукативни иницијативи во земјата и регионот.

Во областа на спортот, компанијата континуирано инвестираше во проекти со висока општествена и јавна вредност; даде значајна поддршка на Специјалната Олимпијада на Северна Македонија преку набавка на спортска опрема за учество на Зимските олимписки игри во Торино, ги поддржа планинската трка Водно–Матка Траилс, ракометниот клуб Алкалоид, како и Кошаркарската федерација на Македонија, во насока на развој на младинските репрезентации и учество на европски натпреварувања.

Во областа на културата и уметноста, компанијата обезбеди поддршка на премиерниот концерт на Пласидо Доминго во Скопје, манифестацијата Глумците пеат, како и Фестивалот на младо вино во организација на ВВ Тиквеш – настани со значајна културна и јавна видливост.

Компанијата реализираше повеќе хуманитарни активности, вклучително и донации за здравствени установи, поддршка на заедницата погодена од пожарот во Кочани, донација на вода за пиење за пожарникарите во Малешевскиот регион – Пехчево, како и индивидуална медицинска помош, со што ја потврди својата посветеност на солидарно и одговорно делување.

Активностите реализирани во текот на 2025 година придонесоа за унапредување на пазарната релевантност, зајакнување на довербата кај клиентите и партнерите и понатамошно консолидирање на позицијата на компанијата како реномиран и доверлив осигурител, создавајќи стабилна платформа за одржлив раст и развој во периодот што следи.

11.
Вработување и структура на вработени

Вид на вработување	31 декември 2025 (1)	31 декември 2024 (2)	Разлика
Интерни работници	139	129	10
Застапници	66	76	(10)
Вкупно	205	205	-
На определено време	32	28	4
На неопределено време	173	177	(4)
Вкупно	205	205	-



12. Правни и економски односи со поврзани и заинтересирани страни

12.1 Основни податоци за Групацијата

Триглав осигурување АД Скопје е дел од Групацијата Триглав, која претставува водечка осигурително-финансиска групација во Словенија и Адриа регионот, како и во Југоисточна Европа. Групацијата е присутна во шест држави и има над 5.000 вработени. Основна дејност на Групацијата е осигурителното работење, а остварените приходи изнесуваат над 1,7 милијарди евра.

На 31 декември 2025 година, квалификуваното учество во Триглав осигурување АД Скопје припаѓа на Триглав Инт. Холдинска Дружба д.о.о. Љубљана, која поседува 82,01% од вкупно издадените акции (2024: 82,01%). Крајна матична холдинг компанија е Заваровалница Триглав д.д., која има 100% учество во Триглав Инт. Холдинска Дружба д.о.о. Љубљана.

Во прилог е структурата на поврзаност помеѓу компаниите во Групација Триглав како што следи:



12.2 Трансакции со поврзани и заинтересирани страни

Состојбата на крајот на годината и трансакциите со поврзаните и заинтересирани страни во текот на годината биле како што следи:

Во илјади МКД	Матично друштво	Директен сопственик	Сестрински подружници						Вкупно
31 декември 2025	**Заварователница Триглав**	**Триглав ИНТ.**	**Триглав РЕ**	**Триглав Непремичнине**	**Триглав Загреб**	**Триглав Недвижен имот**	**Триглав Пензиско**	**Триглав Живот**	
Средства	**104.236**	**-**	**146.849**	**-**	**-**	**-**	**87**	**277**	**251.449**
Средства од реосигурување	103.704	-	62.985		-	-	-	-	166.689
Побарувања по основ на осигурување и останати побарувања	532	-	83.864		-	-	47	214	84.657
Останати побарувања	-	-	-		-	-	40	63	103
Обврски	**24.753**	**-**	**86.749**	**91**	**-**	**-**	**-**	**-**	**111.593**
Обврски кон реосигурители	24.260	-	86.749		-	-	-	-	111.009
Останати обврски од непосредни работи на осигурување	-	-	-		-	-	-	0	-
Резерви за штети	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	493	-	-	91	-	-	-	0	584
Приходи	**124.264**	**-**	**159.180**	**-**	**-**	**-**	**590**	**947**	**284.981**
Промена во резерви за штети	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Приходи од осигурување	-	-	-	-	-	-	143	302	445
Приходи од провизии и надомести	26.582	-	70.551	-	-	-	-	-	97.133
Учество на реосигурителите во настанатите штети и користи	52.260	-	85.087	-	-	-	-	-	137.347
Промена во резерви за штети на реосигурителите	43.589	-	2.117	-	-	-	-	-	45.706
Останати приходи од осигурување	-	-	-	-	-	-	-	-	0
Останати приходи	1.833	-	-	-	-	-	447	645	2.925
Промена во резерви за преносна премија на реосигурителите	-	-	1.425	-	-	-	-	-	1.425
Расходи	**211.040**	**-**	**218.105**	**1.043**	**9**	**1.624**	**-**	**1.871**	**433.692**
Промена во резерви за штети	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промена во резерви за штети на реосигурителите	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промена во резерви за преносна премија на реосигурителите	1.342	-	-	-	-	-	-	-	1.342
Бруто ликвидирани штети	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Пренесена премија на реосигурителите	202.570	-	218.105	-	-	-	-	-	420.675
Административни трошоци	7.128	-	-	1.043	9	1.624	-	1.871	11.675

Во илјади МКД	Матично друштво	Директен сопственик	Сестрински подружници						Вкупно
31 декември 2024	**Заварователница Триглав**	**Триглав ИНТ.**	**Триглав РЕ**	**Триглав Непремичнине**	**Триглав Загреб**	**Триглав Недвижен имот**	**Триглав Пензиско**	**Триглав Живот**	
Средства	**66.166**	**-**	**136.390**	**-**	**-**	**-**	**40**	**409**	**203.005**
Средства од реосигурување	61.457	-	59.443		-	-	-	-	120.900
Побарувања по основ на осигурување и останати побарувања	4.563	-	76.947		-	-	-	345	81.855
Останати побарувања	146	-	-		-	-	40	64	250
Обврски	**44.299**	**-**	**83.762**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**128.061**
Обврски кон реосигурители	43.808	-	83.762		-	-	-	-	127.570
Останати обврски од непосредни работи на осигурување	-	-	-		-	-	-	0	0
Резерви за штети	-	-	-	-	-	-	-	-	0
Останати обврски	491	-	-	0	-	-	-	0	491
Приходи	**53.074**	**-**	**180.721**	**-**	**-**	**-**	**535**	**903**	**235.233**
Промена во резерви за штети	-	-	-	-	-	-	-	-	0
Приходи од осигурување	-	-	-	-	-	-	113	251	364
Приходи од провизии и надомести	28.418	-	69.573	-	-	-	-	-	97.991
Учество на реосигурителите во настанатите штети и користи	3.883	-	108.802	-	-	-	-	-	112.685
Промена во резерви за штети на реосигурителите	10.711	-	-	-	-	-	-	-	10.711
Останати приходи од осигурување	-	-	-	-	-	-	-	-	0
Останати приходи	3.403	-	-	-	-	-	422	652	4.477
Промена во резерви за преносна премија на реосигурителите	6.659	-	2.346	-	-	-	-	-	9.005
Расходи	**212.328**	**-**	**241.041**	**2.299**	**112**	**287**	**-**	**2.034**	**458.101**
Промена во резерви за штети	-	-	-	-	-	-	-	-	0
Промена во резерви за штети на реосигурителите	-	-	25.094	-	-	-	-	-	25.094
Промена во резерви за преносна премија на реосигурителите	-	-	-	-	-	-	-	-	0
Бруто ликвидирани штети	-	-	-	-	-	-	-	31	31
Пренесена премија на реосигурителите	206.143	-	215.947	-	-	-	-	-	422.090
Административни трошоци	6.185	-	-	2.299	112	287	-	2.003	10.886

Главен извршен директор

Ѓорѓе Војновиќ

Триглав Осигурување АД
Бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје